НАТО ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВОЗДУШНА ОДБРАНА | ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА ОПСАДАТА НА ЛЕНИНГРАД | „DOUGLAS A-20 HAVOC“ | 100 ГОДИНИ АЕРОКЛУБ ВО СКОПЈЕ

# ШТИТ

Број 167
септември 2023

ISSN 1857-6710

9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## Армијата го прослави 31. роденден



# Армијата го просл

# Свечено одбележан 18 Авг
# Република Севе

По повод  18 Август – Денот на Армијата на Република Северна Македонија, на Воениот стадион во Скопје се одржа централна прослава на која присуствуваа претседателот на Републиката и врховен командант Стево Пендаровски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски, министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, министри во Владата, претставници на Собранието, високи гости од МО и Армијата, претставници од други државни институции, како и од военодипломатскиот кор во нашата земја.

На свеченоста пред присутните се обратија претседателот и врховен командант Стево Пендаровски, претседателот на Владата Димитар Ковачевски и министерката за одбрана Славјанка Петровска.

Министерката за одбрана во своето обраќање им се заблагодари на сите припадници на македонската Армија и на сите оние кои биле дел од нејзиното создавање, истакнувајќи дека создавањето на нашата армија, исто како и создавањето на сите големи работи, не беше процес кој помина лесно и едноставно, без пречки на патот. Таа се осврна и на историскиот континуитет и формирањето на Првиот партизански баталјон „Мирче Ацев“, кој беше формиран на Славеј Планина на 18 август 1943 година. Потоа се задржа на достигнувањата и успесите на Армијата на Република Северна Македонија, која денес е рамноправна армија сојузник во НАТО алијансата, активно придонесува во зачувувањето на светскиот



# ави 31. роденден

# уст – Денот на Армијата на рна Македонија

мир и им помага на сојузниците при катастрофи и природни несреќи и воедно е гарант на  независноста и суверенитетот на нашата држава. „Токму затоа, интензивно инвестираме во одбраната, во одбранбените ресурси, во капиталните ресурси, но и во Армијата, бидејќи вработените во одбраната и Армијата, пензионерите од Армијата и питомците кои се идни офицери на Армијата, се потпорната точка на сите лостови со кои секојдневно се поткрева стандардот и готовноста на нашата Армија, истакна министерката Петровска во своето обраќање.
По повод Денот на Армијата, од страна на претседателот Стево Пендаровски, со Медал за учество во хуманитарни и мировни операции се одликуваа првите припадници од Армијата кои учествуваа во вакви операции надвор од државата, додека со Медал за храброст се одликуваа армиските припадници кои учествуваа во справувањето со последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турција. Исто така, од страна на министерката Петровска се доделија и чиновите на унапредените старешини во чин полковник.
Одбележувањето на Денот на Армијата, покрај централната свеченост во Скопје, се одбележа и во гарнизоните каде што се сместени потчинетите команди и единици на Генералштабот. Претходно, по повод Денот на Армијата, делегации од Министерството за одбрана и Армијата на градските гробишта Бутел положија венци со свежо цвеќе на Партизанските гробишта и на вечните почивалишта на претседателот Борис Трајковски, на претседателот Киро Глигоров и на генералот Михаило Апостолски.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Алексанар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





08
**Создадовме Армија со која сите треба да се гордееме**

16
**Обединетите нации и НАТО во мировните операции**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 167 | септември 2023

НАТО активности
**НАТО иницијатива за воздушна одбрана** ........ 12

Глобал
**Руско-украинската војна и нејзините импликации врз светската политика** ........ 14

**Под знамето на ОН**
**Заштита на цивилното население во мировните операции (2)** ........ 18

Низ воената историја
**Втора светска војна**
**Опсадата на Ленинград** ........ 21

Родова перспектива
**Феминистичка надворешна политика**
**Искуства во Латинска Америка** ........ 24

Воена едукација
**Улогата на главниот подофицер во команден тим** ........ 27

Вооружување
**„J-20“**
**Кинески ловец-бомбардер од 5-та генерација** ........ 32

**„STORMER 30“**
**Оклопно извидувачко возило на гасеници** ........ 36

**„Douglas A-20 Havoc“** ........ 39

Аеродневник
**100 години аероклуб во Скопје (1)** ........ 46

Воени музеи
**Воениот музеј во Калгари** ........ 48

Незадолжително
**Песната „Bella Ciao“, универзален симбол на слободата и отпорот** ........ 52

Уметниците и војната
**Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун**
**Сликар и шпански борец** ........ 54





34
**Хеликоптер „AgustaWestland AW159 Wildcat“**

42
**Минофрлачки систем „2R2M“, 120мм**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Армијата е нашата гордост*

*Армијата на Република Северна Македонија прослави 31 година од своето формирање. Во овој број на „Штит“ уште еднаш ќе потсетиме зошто Армијата е нашата гордост и кои се најзначајните активности со кои го заслужи овој квалификатив. За почетоците, реформите, мисиите и задачите кои ги реализираше Армијата во текот на триенискотo постоење, како и за идните предизвици и задачи кои стојат пред Армијата разговаравме со професор д-р Трајан Гоцевски, кој беше министер за одбрана во првата Влада во независна Македонија и кој имаше историска задача да раководи со формирањето на Армијата на нашата држава.*

*Нашата Армија е нашата гордост, затоа што таа е чувар на мирот, независноста и територијалниот интегритет на нашата држава. Армијата во текот на изминатиот период беше повеќепати ангажирана во поддршка на институциите, со цел да им укаже помош на нашите граѓани кои се соочиле со последиците од кризна состојба на територијата на државата. Се гордееме со успесите на нашата Армија и надвор од границите на нашата држава. Нашата Армија придонесуваше и сѐ уште придонесува во мировни мисии и операции предводени од НАТО, од ЕУ и од ОН. Армијата беше ангажирана и во укажување помош во настрадани подрачја од природни непогоди и надвор од територијата на нашата држава. Нашиот армиски тим беше меѓу првите пет странски контингенти кои пристигнаа во Турција за да помогнат во справувањето со последиците од разорниот земјотрес што ја погоди оваа земја, како и во справувањето со последиците од поплавите кои ја погодија Република Словенија. Припадниците на нашата Армија во сите меѓународни вежби секогаш беа меѓу највисоко оценетите. Нашата Армија докажа дека предизвиците и во минатото и денес биле и ќе бидат совладувани и дека нашите и минати и идни воини секогаш се стремеле и ќе се стремат да бидат најдобри.*

*Во разговорот со професорот Гоцевски за нашата Армија, тој, меѓу другото, истакна дека денес пред нас имаме модерна, современа и со висок углед институција, која интегрирано функционира во сите структури на НАТО, придонесувајќи за мирот и стабилноста во зоната на одговорност на НАТО, притоа будно штитејќи го суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на нашата татковина, помагајќи им на граѓаните во секоја криза и затоа треба да се гордееме со нашата Армија. Сите треба да се гордееме со нашата Армија, како што од сѐ срце се гордее и тој. Нашата држава треба да овозможи Армијата секојдневно, структурно да се надградува, да се модернизира со современи борбени средства и опрема и да се подига стандардот на сите припадници на Армијата. За сето тоа неопходно е да се реализираат плановите кои предвидуваат вложување од 955 милиони евра за следните десет години за модернизација и опремување и да се достигнат најмалку 2% од БДП за одбраната.*

*Нека е честит Денот на Армијата, слава им на загинатите борци и припадници и многу успех на идните генерации воини кои ќе ги исполнуваат своите задачи и обврски и во национални рамки и како дел од НАТО армиите.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Свечен собир по повод Денот на Армијата

Вработените во одбраната и армиските припадници со свечен собир на Воениот стадион го прославија 31. роденден на Армијата на Република Северна Македонија. Министерката за одбана Петровска на собирот порача дека сите вработени се едно семејство професионалци на кои се горди сите граѓани. На настанот беа прочитани и сите унапредени офицери до чин потполковник, како и сите наградени и пофалени службеници во одбраната и припадници на Армијата. Министерката Петровска во своето обраќање истакна дека е горда на професионализмот, на мотивираноста и на посветеноста со кои започнаа и се реализираат силни реформски зафати во одбраната.



„Еден министер е успешен толку колку што се успешни и соработниците, а фактите покажуваат дека одбраната функционира исклучително успешно и затоа заслугата не е моја, не е на некој поединец, туку на сите нас заедно, затоа што ние сме едно семејство, еден организам кој може да функционира само ако работиме како едно, обединети во нашата заедничка цел“, рече министерката Петровска и им се заблагодари на припадниците на Армијата зашто секој предизвик го прифаќаат како уште една задача која ја извршуваат максимално посветено, професионално и без двоумење.
На службениците во одбраната им порача дека цело е кога има сè и дека како што се внимава на стандардот на припадниците на Армијата, така приоритет е и стандардот, местото и улогата на службениците во одбраната. „Системот нема да функционира ако не вложуваме и не внимаваме на местото, улогата и стандардот на службениците во одбраната исто колку што внимаваме на стандардот на припадниците на Армијата. Ние сме едно врзано ткиво од кој токму службениците на одбраната се исклучително важен сегмент. Сите вие за мене сте важни и вие сте одбраната на татковината“, рече министерката.
Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, на сите вработени во Генералштабот и Армијата им оддаде признание и благодарност за севкупниот труд, за резултати и работа во изминатата година, кои се препознаени и забележани во општеството. „Изминатиов период постигнавме навистина големи резултати, имаме јасен патоказ каде треба да ги движиме приоритетите во периодот што ни претстои, тоа е наш долг и обврска кон идните генерации на нашата татковина“, рече генералот Ѓурчиновски. Претходно, делегација предводена од министерката Петровска положи венец со свежо цвеќе на спомен-обележјето во чест на бранителите во кругот на Министерството и Генералштабот.

# Во спомен на загинатите бранители

Делегација од Министерството за одбрана, предводена од министерката за одбрана Славјанка Петровска, во спомен на десеттемина бранители, припадници на Армијата кои во 2001 година го загубија својот живот кај месноста Карпалак на патот Скопје – Тетово го посети местото на загинатите бранители. Во оваа пригода, министерката Петровска истакна дека десеттемина херои на македонската Армија несебично се одзваа на повикот на татковината и затоа никогаш нема да бидат заборавени.
На семејствата на загинатите им порача дека нивните синови ќе бидат вечно запаметени како херои кои за татковината го дадоа најскапоценото – нивниот живот.
На прашањето за изградба на спомен-обележје на ова место, министерката информираше дека Министерството ќе испрати барање до општина Желино за подигнување на спомен-обележје за загинатите бранители кај Карпалак. „Овие луѓе го дадоа најскапоценото, својот живот за нашата татковина и како министерка за одбрана сметам дека заслужуваат достојно спомен-обележје со кое нема да ги вратиме назад, но ќе имаме место каде што достојно ќе им оддаваме почит“, рече министерката.
Кај Карпалак загинаа бранителите Сашо Китаноски, Нане Наумоски, Бранко Секулоски, Марко Деспотоски, Ердован Шабаноски, Љубе Грујоски, Дарко Вељаноски, Веби Рушитоски, Горан Миноски и Пеце Секулоски.
Претходно, министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски положија венец со свежо цвеќе и на спомен-плочата во касарната „Илинден“ во Скопје, во спомен на осумтемина бранители и припадници на Армијата кои животот го загубија кај месноста Љуботенски Бачила. Венци беа положени и на спомен-обележјата на загинатите бранители во село Љубанци, во општина Ѓорче Петров и во Волково.
На овој ден, пред 22 години, на патот кај месноста Љуботенски Бачила, животот го загубија Томе Бадаровски, Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Марјанчо Бошевски, Ивица Златевски, Томе Димовски и Раде Јанковски, припадници на резервниот состав на Армијата.



# Солидарноста на дело

Врз основа на одлуката на Владата, Армијата на Република Северна Македонија одреди состав од 100 армиски припадници кои на 10.8.2023 година заминаа во Република Словенија каде беа ангажирани во еден од реоните најмногу погодени од катастрофалните поплави. Министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на ГШ, генералот Васко Ѓурчиновски, во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец ги посетија 100-те припадници на Армијата кои се подготвуваа да заминат во Словенија по големите поплави кои ја зафатија оваа пријателска и сојузничка земја. Министерката Петровска на армиските припадници им порача дека во неволја се гледаат вистинските пријатели и сојузници. „Словенија, еден од нашите најблиски сојузници, денес има потреба од вас, од вашата посветеност и од вашата професионалност. Со вашата подготвеност да заминете веднаш покажувате дека сте вистинскиот заштитник, не само на македонските граѓани, туку на граѓаните на сите сојузнички земји. Ви се заблагодарувам што како и многупати досега, и овојпат го прифаќате предизвикот и тргнувате мотивирани и со силна волја да му помогнете на словенечкиот народ“, рече министерката.
Во Република Словенија замина персонал од единици од составот на Командата за операции, и тоа од 2. пешадиски баталјон, Извидувачко-разузнувачкиот баталјон и неколку припадници од Инженерискиот баталјон, обучени за управување со инженериски машини, како и припадници од Логистичката база. Нашите припадници беа распоредени во групи според плановите на земјата домаќин во Межице во чија околина извршуваат активности за отстранување на наноси од поплавите. На овој начин Армијата уште еднаш ја покажува солидарноста и подготвеноста за делување во услови на природна катастрофа и надвор од Републиката. Македонските војници, заедно со словенечката војска изградија привремен мост во



општината Межица во северниот дел на земјата. На отворањето на мостот во оваа општина во Корушкиот регион, словенечкиот министер за одбрана, Марјан Шарец, изразувајќи благодарност до инженерите кои придонеле до тоа мостот да се направи, рече дека ова е мост кој е важен за локалното население и за економијата. Началникот на ГШ на словенечката војска, генерал-потполковник Роберт Главаш, на пуштањето во употреба на мостот истакна дека мостот е изграден заедно со војниците на Армијата на Република Северна Македонија.

# Промоција на нови потпоручници од 32. класа на Воената академија

Министерката за одбрана Славјанка Петровска присуствуваше на промоцијата на новите потпоручници во Армијата, кои го завршија воеactive образование како дел од 32. класа на ВА „Генерал Михаило Апостолски“. Таа, обраќајќи им се на новите потпоручници, порача дека тие низ четиригодишната едукација организирана според принципите на воеnoto образование на НАТО се стекнуваат со знаења и вештини вредни за офицери на Алијансата



и дека се вистински патриоти кои одлучиле својата работна кариера да ја посветат на заштитата на граѓаните и татковината. Во обраќањето, министерката Петровска додаде дека како и во периодот на учење, така и во Армијата, потпоручниците ќе бидат водени од професионалци со огромно искуство и знаење кои се подготвени тоа да го споделат со нив. На питомците кои сè уште се дел од военото образование им порача дека Воената академија е исклучителна можност за нивен развој во идни офицери на македонската Армија и дека Министерството продолжува да ја дава својата поддршка, видлива и преку зголемувањето на примањата на питомците за 100 проценти од овој месец. Деканот на Воената академија, полковникот Митко Богдановски, порача дека Академијата е институција која создаде генерации кои ги покажаа и докажаа вредностите на кои таа почива – знаење, чест, служба и татковина, а новите потпоручници ги нарече нашата иднина во која има целосна доверба, којашто има моќ да влијае на промените, да изгради единство и да ги заштити заедничките вредности.  За нови потпоручниците беа промовирани 32 питомци, од кои 27 за потребите на македонската Армија, 3 за Црна Гора и 2 за Босна и Херцеговина, што ја покажува и регионалната димензија на Академијата. За време на студиите, двајца студенти заминаа на едносеметрално школување во Кралството Норвешка, додека истовремено, студенти од Норвешка и од Бугарија минаа студиски престој на ВА „Генерал Михаило Апостолски“. На свеченоста, на прворангираните потпоручници Никола Антески, Јована Софрониоска и Наум Спироски, претставник од Кабинетот на претседателот, министерката Петровска и началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски, им врачија признанија за постигнатиот успех.



# Создадовме Армија со која сите треба да се гордееме

Поминаа 31 година од далечната 1992 година кога официјално започна формирањето на Армијата на Република Северна Македонија. Денеска пред нас имаме модерна, современа и со висок углед институција која целосно е интегрирана и функционира во сите структури на НАТО. Се оствари сонот на десетици генерации наши првенци, дејци, воени лидери и стратези, кои дадоа несомнен придонес во формирањето на Армијата. Еден од нив, секако, е и проф.д-р Трајан Гоцевски, кој беше министер за одбрана во првата Влада на независна Македонија и актуелен член на Советот за безбедност на Република Северна Македонија, под чие непосредно раководство беше формирана Армијата на нашата држава

**Професоре Гоцевски, најнапред би Ве запрашале, како се чувствувате 31 година по формирањето на Армијата на Република Северна Македонија, која денес е составен дел од НАТО?**

– Нашата Армија одбележа 31 година од формирањето и три години од зачленувањето во НАТО. Тоа се исклучително значајни датуми за нашата држава, за нашата национална безбедност и за нашата одбрана. Се оствари сонот за сопствена држава и армија на многу наши политички и воени дејци. Имаме наша македонска држава, имаме наша Армија, станавме дел од големото семејство на армиите на НАТО. Тоа е голем историски успех и не треба никогаш да го заборавиме. Поминаа 31 година од почетоците на формирањето на Армијата. Започнавме во тешко време. Одевме по работ на бездната. Секој погрешен чекор можеше да нè однесе во неизвесност. Во тоа време уште поризично беше тоа што тогаш немавме Закон за одбрана, а со тоа немавме законска основа за формирање на сопствена армија. Секое формирање на каква било воена формација ќе беше прогласено за паравојска и државата ќе беше нападната од ЈНА како легитимна воена цел. Тогашното Министерство за одбрана одбиваше да подготви закон со кој ќе се создаде законска основа за формирање на наша армија. Влогот беше огромен, во прашање беше независноста на државата. Во едни такви сложени услови дојде до промена на раководството на МО, и мене, како нов министер за одбрана, ми беше доверена таа исклучително сложена и ризична задача. Но, успеавеме, и денес пред нас имаме

модерна современа и со висок углед институција, која интегрирано функционира во сите структури на НАТО, придонесувајќи за мирот и стабилноста во зоната на одговорност на НАТО, притоа будно штитејќи го суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на нашата татковина, помагајќи им на граѓаните во секоја криза. Сите треба да се гордееме со нашата Армија, како што од сè срце се гордеам и јас.




**Професоре Гоцевски, бидејќи го следите развојот на Армијата од нејзиното формирање до денес, како гледате на позицијата на Армијата како институција?**
– Тешко е јас да ја коментирам улогата на Армијата во македонското општество во изминатите 31 година, а да не бидам пристрасен. Сепак, непобитни се следните факти за Армијата кои никој не треба да ги заборава: 1. таа беше услов и гарант за нашата штотуку прогласена независност по Референдумот од 8 септември 1991 г. и перманентен стабилизатор во нашето општество сè до денес; 2. Армијата 31 година е достоен и незаменлив дел од системот за национална безбедност и одбрана на земјата; 3. Армијата е сигурна институција на која може да се потпре државата во каков било ризик; 4. Армијата е кохезивен фактор во македонското општество; 5. Армијата ја имаше главната улога на патот кон НАТО; 6. Армијата беше и остана активен контрибутор во зачувувањето на регионалниот и светскиот мир и безбедност преку многуте успешни меѓународните мисии на мирот. Мисии на ООН, на ЕУ, на НАТО. Затоа Армијата е институција со најголема доверба кај граѓаните во земјата.

**Се наоѓаме во фаза кога многу се зборува за модернизацијата на Армијата. На што би посочиле Вие во однос на модернизацијата на Армијата?**
–Тоа е клучното прашање. Јас повеќе години и децении наназад апелирав за континуитет во вложувањето на Армијата како клуч за нејзината борбена готовност. Тоа постојано го повторував и во Советот за безбедност. После долги години невложување во одбраната и во Армијата, падот на стандардот на воениот персонал, технолошки застој на борбените системи, таа состојба почна да се менува во позитивна насока. Конечно по зачленувањето во НАТО, го сфативме значењето на вложувањето во системот за национална безбедност, стабилното финансирањето на одбраната и континуираното вложување во Армијата. Веќе имаме долгорочна визија за модернизација на Армијата, имаме стабилен одбрамбен буџет за таа намена. Резултатите се тука. Имаме Армија рамноправна со сојузниците. Денес, персоналот има повисок стандард, зголемени примања, решено станбено прашање, дијалог за унапредување на правата, можности за напредок во кариерата. Но, членувањето во НАТО е динамична категорија и бара постојана грижа, како за човечкиот потенцијал така и за модернизација на борбените системи, за технолошко унапредување на техниката и системите во Армијата. Тоа е непрекинат и долгорочен процес кој се поддржува од оваа генерација политичари и воени авторитети. Затоа Македонија предвидува некаде до 2032 година да потроши најмалку 900 милиони евра за модернизација на Армијата. По Самитот во Вилнус за





одбраната ќе се издвојува и повеќе. Тоа зборува дека сме сериозна држава членка на НАТО. Предвидено е да го замениме старото оружје од советско и југословенско производство со ново и софистицирано западно оружје. Тој процес веќе интензивно се одвива и Армијата постојано се опремува со ново оружје и опрема. Третина од буџетот за одбраната, кој годинава изнесува речиси 300 милиони евра, сега е наменет за модернизација на Армијата. Значителен дел од големите набавки ќе се реализираат и со помош на НАТО сојузниците. И тука САД се најголем контрибутор, со над 135 милиони долари веќе одобрени средства за модернизација на Армијата,само за оваа година.

**Кои фактори ги определуваат видот, динамиката и карактеристиките на вооружувањето кое го набавува Армијата?**

Модернизацијата на секоја армија, според квалитетот, квантитететот и динамиката, ја определуваат многу сложени фактори кои го диктираат процесот на модернизацијата. Бидејќи ова прашање е и многу стручно, јас ќе се обидам да посочам само на некои фактори кои ја диктираат модернизацијата на нашата Армија. 1. најнапред тоа е процената на воено-политичката и безбедносната состојба во државата и пошироко и кои се безбедносните ризици, предизвици и импликации по националната безбедност на краток, на среден и на долг период; 2. процена на видовите и изворите на загрозување на уставниот поредок, независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на државата; 3.проценетите безбедносни закани во рамките на колективната одбрана, во рамките на НАТО, на ООН, на ЕУ и на САД како наши стратешки партнери, кои исто така нè обврзуваат; 4. мисиите на Армијата во државата: кои се тие и каква опрема ѝ е потребна на Армијата за нив; 5.мисиите на НАТО, но и на ООН и на ЕУ и каква опрема е потребна за нив; 6.обврските во рамките на НАТО. Донесена е нова формација според која е формирана Лесната пешадиска борбена група, која ја деклариравме како единица за НАТО и која треба да се опреми според сите критериуми на НАТО. Следуваа неколку големи вежби на НАТО во Македонија во кои Армијата се извежбуваше за воени дејства во рамките на НАТО и оттука произлегува процената за потребната опрема; 7.обврските според 10-годишниот план за модернизација потпишан со САД во рамките на стратешкото партнерство на високо ниво. Како што истакнав, САД, како наш стратешки партнер, уште еднаш докажаа дека се наш вистински пријател и поддржувач. На 13.6.2023 г. потпишаа нов документ за модернизација на нашата Армија. Со овој документ се поставија темелите за развој на Армијата за следните десет години. Дефинирани се областите кои ќе бидат приоритетни во следната декада, за поуспешно да се справуваме со заедничките безбедносни предизвици, да придонесуваме кон колективната безбедност на НАТО и на регионот во целина. Нам сега ни е потребна политичка стабилност, совесно однесување кон државните и националните интереси, кон националната безбедност и одбрана и кон остварување на следната стратегиска цел на државата, а тоа е членство во ЕУ.

**Професоре Гоцевски, Вие развојот на Армијата го поделивте на десет фази, а деветтата и десеттата фаза од развојот на Армијата се директно поврзани со модернизацијата на Армијата. Што е карактеристично за овие две фази ?**

Како што ни е познато, приемот на Република Северна Македонија во НАТО официјално се случи на 27 април 2020 г., а на 16 ноември 2021 г. заврши воената интеграција на Армијата во структурите на НАТО. Тоа, според мене, е таа деветта фаза од развојот на Армијата. Во овој период имавме задача да исполниме неколку работи, а клучна беше воената интеграција на нашата Армија во сите структури на НАТО. Од тој ден ние станавме НАТО армија во вистинска смисла на зборот. Ни беа поставени над 190 задачи кои мораа да се завршат на најквалитетен начин за да биде Армијата целосно интегрирана во структурите на НАТО. Задачите беа



реализирани во рекорден рок, за 19 месеци, и добивме највисоки оценки од сите НАТО авторитети. По ова следуваше актуелната десетта фаза на опремување и модернизација на Армијата која е во тек. Очекувањата од неа не се мали. Очекуваме зголемено, стабилно и на долгорочна основа финансирање на Армијата кое ќе се поврзува со долгорочните развојни и стратегиски планови на нашата одбрана, а во рамките на тоа и самата модернизација. Исто така, треба безусловно да се подобрува и стандардот на воениот персонал. Мора да продолжи и подготвеноста и учеството во меѓународните мисии на мирот. Да заклучам, по приемот во НАТО, продолжува процесот на доопремување и доприспособување на Армијата, кои ги наметнува членството во НАТО и новите безбедносни предизвици и ризици. Армијата на Република Северна Македонија во наредниот десетгодишен период ќе продолжи токму со една таква програма за опремување и технолошко унапредување на борбените системи. Тука е и реализацијата на десетгодишната програма за модернизација на Армијата од страна на САД. Овие процеси се долгорочни и нужни, прво за нас и за нашата национална безбедност, и така треба да ги сфатиме и затоа инвестираме во нив, а потоа за потребите како НАТО армија, како целина да учествуваме во регионалниот и поширокиот мир, безбедност и стабилност.
Затоа мораме да ги подигнеме одбранбените капацитети.Тие треба да бидат неколкукратно поголеми од досегашните. Суштината на модернизацијата е да се подобри квалитетот на опремата што треба да се набави, нејзината оперативна вредност и ефикасноста на Армијата како целина. Процесот на модернизација и опремување на Армијата со современи борбени системи и опрема и обуки на персоналот за ракување со нив, вистински и реално го менува ликот на Армијата и ја зголемува нејзината борбена готовност, ја зголемува нејзината операбилност и ефективност. Тоа во основа се сеопфатни повеќегодишни проекти со кои стандардите на НАТО се воведуваат во македонската Армија. Тоа сега го налага и новиот План за одбрана на НАТО усвоен на последниот Самит на НАТО одржан во Вилнус, кој треба подетално да се разработува. Ние како држава и како народ треба да бидема горди на процесот на модернизација и опремување на Армијата. Армијата се трансформира, Армијата се модернизира, Армијата се опремува со најсофистицирано вооружување. Македонија на овој начин го засили својот углед и својата позиција како сојузник кој нуди не само декларативна, туку и реална поддршка. Драго ми е дека тоа го видоа и го препознаа и нашите сојузници. Успехот кој Армијата го достигна низ целиот овој период се гледа во она што сега го имаме, а тоа се мобилни, професионални и ефикасни сили, способни да ја заштитат безбедноста на нашата земја и да одговорат на сите современи закани и предизвици.
Армијата навлезе во еден сериозен процес на модернизација и опремување, процес кој секојдневно го менува нејзиниот лик. Плановите кои ги имаме во поглед на модернизацијата се дел од Долгорочниот план за развој на одбранбените способности и се целосно усогласени со НАТО, односно со целите за способностите на Република Северна Македонија. Конечно, како држава инвестираме сериозно, инвестираме плански, инвестираме транспарентно.Тоа е гаранцијата за нашата сигурност и иднина.
На сите припадници на Армијата им го честитам Денот на Армијата на Република Северна Македонија и им се заблагодарувам на сите сегашни и бивши врховни команданти, министри за одбрана, генерали, офицери, подофицери, војници и граѓански лица во служба на одбраната за придонесот во одбрана на територијалниот интегритет и независноста на нашата држава во изминативе 31 година.



За редакцијата на „Штит“
д-р Жанет Ристоска





# НАТО иницијатива за воздушна одбрана

Интегрираната воздушна и ракетна одбрана на НАТО е суштинска и континуирана мисија во време на мир, кризи и конфликти, заштитувајќи ја територијата, населението и силите на Алијансата од каква било воздушна и ракетна закана или напад. Таа е витален елемент на одвраќањето и одбраната на сојузниците, што придонесува за безбедноста и слободата на дејствување, вклучувајќи ја и способноста да ги зајакне своите распоредувања и да обезбеди стратешки одговор

Интегрираната одбрана обезбедува критична способност со цел да се постигне посакуваното ниво на контрола на воздушниот простор во кој Алијансата остварува реализација на мисиите во мирновременски услови, кризи и конфликт. Се спроведува со помош на пристапот од 360 степени, приспособен да одговори на заканите кои произлегуваат од сите стратешки правци. Овие мерки се силна демонстрација на сојузничката солидарност и решителност. Таа е особено клучна во сегашното стратешко опкружување кое се карактеризира со значително ширење на различни видови воздушни и ракетни способности и со агресивна употреба од страна на потенцијалните противници. Адаптацијата на НАТО се спроведува во согласност со разновидните и предизвикувачки воздушни и ракетни закани од други државни и недржавни актери, почнувајќи од беспилотни летала до софистицирани ракетни способности, како и хиперсонични ракети. Имплементација на одбраната се реализира преку интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО (NATINAMDS), мрежа на меѓусебно поврзани национални и НАТО системи составени од сензори, командни и контролни средства под надлежност на врховниот командант на НАТО во Европа.

**НАТО иницијатива**

Со цел зајакнување на интегрираната воздушна и ракетна одбрана на НАТО, министрите за одбрана од 14 сојузници (Белгија, Бугарија, Чешка, Естонија, Германија, Унгарија, Латвија, Литванија, Холандија, Норвешка, Словачка, Словенија, Романија, Обединетото Кралство) со Финска на маргините на состанокот на министрите за одбрана на НАТО во Брисел, во текот на октомври 2022 година го потпишаа Писмото со намери за развој на т.н. Европска иницијатива за небесен штит (European Sky Shield Initiative). Иницијативата е предводена од Германија и истата има цел да создаде европски систем за воздушна и ракетна одбрана преку заедничко стекнување на опрема за противвоздушна одбрана и ракети од европските нации. На 15 февруари 2023 година, Данска и Шведска се приклучија на Европската иницијатива за небесен штит со што бројот на учесници се зголеми на вкупно 16 членки на НАТО со Шведска. Во моментов сите европски вооружени сили имаат јаз во способноста во борбата против балистичките ракети кои летаат во највисокиот слој на пресретнување и имаат дострел повеќе од 1000 км. Обидот на Германија да го затвори овој недостаток е за поздравување, бидејќи само со заедничка работа може значително да се подобри заштитата на Европа. Овој процес мора да биде ефикасен

и брз, бидејќи во ракетната одбрана понекогаш поминуваат само неколку минути помеѓу лансирањето и целта што се постигнува. Во текот на оваа пригода заменик-генералниот секретар на НАТО, г. Mircea Geoană ќе истакне дека силно го поздравува лидерството на Германија во покренувањето на Европската иницијатива, а новите средства кои се целосно интероперабилни и беспрекорно интегрирани во воздушната и ракетната одбрана на НАТО, значително ќе ја подобрат способноста да ја браниме Алијансата од сите воздушни и ракетни закани. Овој мултинационален и повеќеслоен пристап нуди флексибилен и скалабилен начин за нациите да го зајакнат одвраќањето и одбраната на ефикасен и економичен начин.



**Лидерството на Германија**

Германија како предводник на иницијативата има цел значително да се подобри капацитетот на Европа во насока да се спротивстави на воздушните и ракетните закани. Во поново време безбедносното опкружување е влошено и повторно е истакната видливоста на европскиот недостаток (односно на Алијансата и на Европската Унија) да се заштити воената и цивилната инфраструктура, населението, како и распоредените трупи. Дел од предвидената мултинационална аквизиција ќе се спроведе во рамките на Проектот за висока видливост на модуларна воздушна одбрана на НАТО. Централниот пристап во оваа иницијатива е да се набавува заеднички и да се работи колективно, а соработката се протега и на логистиката на системите. Ова теоретски ќе ги намали трошоците за секоја земја учесничка и ќе ја подобри интероперабилноста. Наместо да се создадат различни национални системи со поединечни национални способности, рамката на нациите прави нова и споделена способност достапна за НАТО. Како и да е, брзото купување поставува и некои непријатни прашања за политичарите, вооружените сили и центрите на европската индустрија за вооружување. Пристапот на Берлин за подобрување на националната воздушна и ракетна одбрана со долг дострел е извонреден, со речиси 30-годишни напори кои допрва треба да резултираат со набавки во клучни области. Во 1995 година, Германија им се придружи на Соединетите Американски Држави (заедно со Франција и Италија) на системот за воздушна одбрана со среден дострел (MEADS), како резултат на соработката на европскиот производител на ракети MBDA и компанијата „Lockheed Martin“. После долгиот период, оваа иницијатива е обид да се реши недостигот на европска кохерентност во однос на подобрувањето на воздушната и ракетната одбрана наспроти развојот на суверени способности. Во таа насока германската министерка за одбрана ќе истакне дека иницијативата е отворена за сите, а истата се следи со голем интерес од повеќе држави.

Со Европската иницијатива за небесен штит, Германија се истакнува како лидер во европската воздушна одбрана. Заедничкиот пристап кон одбраната е добар чекор напред, но тежок за спроведување. Географската покриеност на небесниот штит сè уште не е сеопфатна. На пример, Франција и Италија не се приклучија на иницијативата (развиваат сопствен систем), додека Соединетите Американски Држави ќе управуваат со одредени локации за балистичка одбрана во Источна Европа без да станат официјална членка на проектот (оперираат со системи во Романија и Полска, како дел од мисијата на НАТО за балистичка ракетна одбрана, а системите се насочени против новите закани од Блискиот Исток, особено од Иран).

Преговорите за членство веројатно ќе продолжат со цел да се воспостави што е можно посеопфатно покривање на небото над Европа. Според сегашните планови, „Sky Shield“ ќе интегрира три системи за одбрана од воздушни напади: германскиот систем за противвоздушна одбрана со краток дострел (IRIS-T), американскиот систем со среден дострел (Patriot) и израелско-американскиот антибалистички ракетен одбранбен систем со долг дострел (Arrow-3). Во таа насока, државите учеснички ќе треба да одговорат на дополнителниот предизвик, а тоа е координирање со националните системи за воздушна и ракетна одбрана.

Драган Павловски





# Руско-украинската војна и нејзините импликации врз светската политика

Вторaта декада на дваесет и првиот век ќе остане забележана по два клучни настани кои имаа силни импликации врз развојот на цивилизацијата. Имено, 2020 година ја одбележа пандемијата на COVID-19 која го потсети човештвото дека, и покрај современиот технолошки развој на медицината, човештвото не е имун на биолошките организми. Вториот момент е поврзан со повторното актуелизирање на речиси осумдецениската запоставена конвенционална закана на тлото на стариот континент

Почетокот на 2022 година го означи предизвикот на светските економии за обезбедување на доволно ресурси во поткрепа на забрзаниот пост КОВИД-19 економски развој на државите. Меѓутоа, крајот на февруари 2022 година се случи преседан со кој директно беа предизвикани безбедноста, мирот и стабилноста на европското тло преку повторното актуелизирање на конвенционалнaта воена закана олицетворена со неоправданата агресија на Русија врз Украина. Државите за прв пат после Втората светска војна се соочија со компликациите кои ги предизвикува конвенционалната закана  врз севкупното човеково живеење, како и со опасноста да ја вовлече Европа, а и светот во нова војна од пошироки размери. Благодарение на брзата реакција на украинскиот народ, напредувањето на руските сили беше забавено и не се одвиваше според планираната динамика на Москва. Успехот на украинската армија им даде доволно време на демократските држави да се организираат за да ѝ помогнат и да ѝ достават хуманитарна и друга помош во опрема и вооружување на Украина во борбата против агресијата на Путин. Последиците од војната најдобро може да се забележат преку забавувањето на економскиот развој на државите. Ова забавување најдобро се перцепира преку недостаток на енергенси и ресурси чиј недостаток предизвика неконтролиран раст на цената на енергенсите, на храната, потоа преку недостаток на репроматеријали за производство, недостаток на храна и слично. Овие предизвици го поттикнаа и растот на инфлацијата и предивикаа пад на животниот стандард на граѓаните. Условно речено, како позитивно

може да се земе тоа што војната го забрза процесот на диверзификација на снабдувањето со енергенси и намалување на зависноста од рускиот гас и нафта на државите од Европа. Секоја војна има свои импликации од демографски карактер, не само по државите кои војуваат, туку и по државите во непосредното опкружување. Општо познато е дека секоја војна е проследена и со појава на бегалци, забрзана миграција и внатрешно раселени лица. Граѓаните на Украина, својот спас од вооружениот конфликт го побараа во соседните држави, односно во земјите членки на Европската Унија. Соочувајќи се со предизвикот од зголемен број на бегалци од воените дејства, земјите членки на ЕУ ги активираа механизмите за справување со масовна миграција и ги отворија своите граници за прием на бегалците од Украина што го олесни процесот на нивна интеграција во државите приматели на бегалци. Друга одлика на војната е тоа што истата е проследена и со голем број на жртви од двете страни и уништена инфраструктура на теренот.

Оваа војна ќе биде запаметена како војна на технологии во која активно се користат развојните и разорните технологии од двете страни. Резултатите на теренот од употребата на овие технологии е поразителна и резултира со катастрофални разурнувања и уништувања. На почетокот и Москва и Западот очекуваа дека војната ќе заврши брзо и руската армија ќе забележи брза и молскавична победа против Украина. Меѓутоа, реалноста и случувањата на теренот го покажаа спротивното. После иницијалниот успех и окупацијата на територии во Источниот, Западниот и Јужниот регион на Украина, силите на Руската Федерација беа принудени да се повлечат од позициите од повеќето освоени територии во Украина. Меѓутоа, воените дејства на теренот не престанаа туку напротив, истите се интензивираа и премина во крвава војна која грчевито се води за секоја педа територија. И после повеќе од година и половина војување, направен воен криминал, уништена инфраструктура, големиот број на раселени лица и бегалци од украинскиот народ, како и сериозното нарушување на економија, војната сè уште не е завршена (Minakov et all, 2023), а кога ќе заврши војната и ќе се постигне мир, никој со сигурност не може да каже.

Она што со сигурност се знае е тоа дека последиците од војната во Украина се рефлектираа во политиката, економијата, снабдувањето со храна, недостатокот на енергенси, миграцијата и на другите сегменти од човековото живеење. Ваквите импликации предизвикаа повторно актуелизирање на политиката на моќ и повторно воспоставување на





т.н. „сфери на влијание“ од времето на Студената војна, на зголемување на цената на храната и на енергенсите, на нарушување на трговките односи, на миграцијата и слично, кои имаа влијание на растот на инфлацијата и намалувањето на квалитетот на живот на граѓаните. Ваквите импликации од руската агресија против Украина креираат сериозни турбуленции во глобалната економија, а прогнозите се дека тие ќе продолжат и после крајот на војната. Очекувањата се дека во следните неколку години растот на глобалната економија ќе забави поради историските и масивни енергетски шокови предизвикани од руската агресија против Украина, како и недостигот на ресурси кои доаѓаа од Русија, пред сè поради санкциите и рестриктивните мерки кои ги воведе прогресивниот демократски свет како одговор на воените дејства на Москва. Тие шокови го поттикнуваат притисокот на инфлацијата, ја намалуваат довербата и куповната моќ на граѓаните и ги зголемуваат ранливостите на државите ширум светот.

Последиците од војната се разорувачки за сите нас. Имајќи ја предвид ситуацијата на теренот – на бојното поле, Руско-украинската војна е технолошки најнапредната војна во човековата историја која е досега видена. Направени се бројни предвидувања за тоа како современите технологии влијаат и би влијаеле на бојното поле во иднина. Досега се проценува дека околу 100.000 руски и повеќе од 10.000 украински сервисен персонал се убиени на теренот (NBC News, 2022). Според извештаите на OHCHR, повеќе од 7.000 украински цивили умреле како резултат на војната, вклучително и повеќе од 460 деца (OHCHR, 2023). Во овие процени не се вклучени разурнувачките ефекти од војната врз критичната и другата инфраструктура.

д-р Игор Ѓорески



# Обединетите нации и НАТО во мировните операции

Основачкиот документ на НАТО на неколку места се повикува на Советот за безбедност на ОН и Повелбата на ОН, покажувајќи ја посветеноста на основачките членки на принципите на ОН. Одредени земји - основачи дури предложија НАТО да се дефинира како „регионален аранжман“ во однос на Поглавјето VIII од Повелбата на ОН. Според ова поглавје, Советот за безбедност на ОН може да ги користи таквите ангажмани или агенции за извршни дејствија под негова надлежност. Меѓутоа, оваа сугестија беше отфрлена, оставајќи го само членот 51 од Повелбата на ОН како основа за воени дејствија на НАТО, според член 5 од Договорот од Вашингтон. Алијансата не се сметаше за организација што ќе се користи за спроведување на мерките преземени од Советот за безбедност на ОН, во согласност со нејзината Повелба. Перцепцијата дека НАТО не може да биде средство за спроведување на мандатите на Советот за безбедност на ОН, се промени по падот на Советскиот Сојуз, кога почна да се појавува институционализирана врска

Соработката помеѓу НАТО и ОН игра значајна улога во извршување на мировните операции, а со тоа и за зачувување на глобалниот мир и безбедност. За да се разбере и да се добие подобра слика која е основата за предводење на мировна операција од страна на НАТО, со мандат од Обединетите нации, неопходно е да се разгледа каква е релацијата помеѓу ОН и НАТО во мировните операции

меѓу НАТО и ОН. ОН беа вклучени во мировните операции од 1956 година и забележаа огромно зголемување на мисиите после 1989 година. Овие операции беа целосно спроведени под команда и контрола на ОН, без учество на која било друга меѓународна организација, при што од земјите членки само се бараше да обезбедат персонал и средства за извршување на мировните операции предводени од ОН.
Со зголемената побарувачка за воспоставување на мировни операции, ОН бараа од водечките нации и меѓународните организации да преземат дел од товарот за планирање и водење мировни операции. НАТО стана важен партнер за ОН бидејќи на ОН им недостигаа ресурси за спроведување на мерките за спроведување на мирот.
Важен аспект што го дефинира односот помеѓу ОН и НАТО, во контекст на мировните операции



е деталното упатство дадено од Советот за безбедност на ОН, во однос на мандатот и целите што треба да се постигнат со конкретна мировна операција. Врз основа на ова упатство, Советот за безбедност на ОН можеше да ги овласти земјите членки или меѓународните организации да спроведат одреден мандат, содржејќи детални насоки за тоа како треба да се постигнат целите на операцијата. Поновите резолуции на Советот за безбедност на ОН даваат дискреционо овластување на нарачаниот субјект да одлучува за тоа како ќе ги постигне целите, во основа овластувајќи го „да ги преземе сите неопходни мерки“ за исполнување на мандатот. Советот не наметнува специфичен команден однос или хиерархија помеѓу ОН и мандатниот ентитет, но, во одредени ситуации бара од државите или меѓународните организации да се координираат со генералниот секретар на ОН за мерките преземени за спроведување на мандатот или за да известуваат за напредокот на операцијата периодично. НАТО и ОН мошне успешно соработуваа за време на операциите на Балканот. Првично, НАТО го спроведе ембаргото на Советот за безбедност на ОН за оружје во Јадранското Море и зоната на забранети летови над Босна и Херцеговина. Соработката се интензивираше кога Алијансата обезбеди воздушна поддршка на Заштитните сили на Обединетите нации - УНПРОФОР. Политички различните ставови меѓу ОН и НАТО за воздушната поддршка на УНПРОФОР резултираа со временско задоцнување во донесувањето на одлуките или воопшто не резултираа со одлуки. Овие пропусти доведоа до тоа идните операции на овие две меѓународни организации да бидат независни едни од други. Ваквата состојба доведува до заклучокот дека операциите на НАТО и операциите на ОН во истата област имаа различни мандати, задачи и командна структура. Во 2005 година, Алијансата предложи рамковен договор со ОН за да се создаде поструктуиран









однос меѓу двете организации, така што во септември 2008 година, овој предлог резултираше со Заедничка декларација меѓу ОН и НАТО, за нивната меѓусебна соработка, особено на полето на размена на информации и оперативна координација и поддршка. Во ставот 4 од Декларацијата се утврдува дека: „Разбирајќи дека оваа рамка треба да биде флексибилна и да се развива со текот на времето, се согласуваме понатаму да ја развиваме соработката меѓу нашите организации за прашања од заеднички интерес, но не ограничувајќи се на, комуникација и споделување информации, вклучително и за прашања кои се однесуваат на заштитата на цивилното население; градење капацитети, обука и вежби; научени лекции, планирање и поддршка за непредвидени ситуации; и оперативна координација и поддршка“. Советот за безбедност на Обединетите нации е единствената институција која одобрува употреба на сила за одржување или обновување на меѓународниот мир и безбедност. Дотолку повеќе, резолуцијата на Советот за безбедност на ОН е правна основа за НАТО да спроведе операции за одговор на кризи кои не се од член 5, а кои вклучуваат употреба на сила. Резолуциите на Советот за безбедност на ОН ќе продолжат да управуваат со операциите на НАТО кои не се од член 5, но Алијансата останува независна од Обединетите нации во аспектите на командување и контрола при изведувањето на мировните операции. Имајќи го ова предвид, ОН не можат да доделат миси и или задачи на персоналот на НАТО и да распоредуваат или прераспоредуваат сили, туку ова овластување му се доделува на командантот што има оперативна команда. Ваквата распределба на задачите и одговорностите, доведува до подобрување на децентрализацијата и зголемување на ефективноста и ефикасноста во мировните операции.

Диана Костадинова



# Под знамето на ОН

## Заштита на цивилното население во мировните операции (2)

**Оперативен концепт за заштита на цивили**

Мултидимензионалните мировни операции со мандат да ги заштитат цивилите имаат на располагање низа инструменти и пристапи. Оперативниот концепт за заштита на цивилите ги категоризира во три меѓусебно поврзани нивоа, кои едновремено се спроведуваат и во согласност со мандатот на мисијата, фазата на мисијата и околностите во кои се дејствува:

1. Заштита преку дијалог и ангажман.
2. Обезбедување физичка заштита.
3. Воспоставување средина за заштита.

Мандатот за заштита на цивилите се спроведува на стратегиско, оперативно и тактичко ниво, и сите компоненти на мисијата имаат улога во секое од нивоата. Заедничките активности на сите три нивоа обезбедуваат превентивно дејствување.

***Заштита преку дијалог и ангажман***

Овие активности вклучуваат: активен и редовен дијалог со сторителите или потенцијалните сторители на насилство врз цивили; разрешување на конфликти и посредување меѓу страните во конфликтот; застапување на владата на земјата-домаќин, нејзините безбедносни институции и други релевантни актери да можат да интервенираат за заштита на цивилите (ЗЦ); стратегиска комуникација; истраги; иницијативи за помирување; известување по прашања за човековите права и нивната заштитата; и други иницијативи.

На ова ниво дадена е предност на политиката во решавањето на конфликтот и на изнаоѓањето начини за зачувување на мирот, со примена на одржливи политички решенија. Наведените активности за ЗЦ мора да бидат вклучени и да се усогласат со севкупната политичка стратегија на мисијата, вклучително и во дијалогот со политичките, безбедносните и други „актери“, кои можат да поттикнат или да имаат влијание врз потенцијалните сторители на насилство.

Со цел унапредување на ЗЦ, потребно е и залагање за почитување на заштитата на човековите права, вклучително и оние поврзани со родовите прашања и децата, и овие напори да се интегрираат во мировните процеси и мировните договори. Дијалогот и ангажманот го спроведуваат сите компоненти на мисијата на локално ниво. Тие може да вклучуваат ангажирање на локалните заедници и потенцијалните сторители, примена на програми за намалување на насилството во заедницата и програми за разоружување, демобилизација и реинтеграција (DDR-процес).

Ангажирањето на локално ниво овозможува рано откривање на закани или тензии што може да ги активира системите за рано предупредување и превентивните активности на мисијата. Заедничкото ангажирање со локалните заедници треба да биде сеопфатно и двонасочно и започнува со консултирање на заедниците за нивните

потреби и капацитети за ЗЦ. Тоа треба да ги идентификува, поддржува и зајакнува постојните структури и механизми за решавање и одговор на конфликти и да ја вклучува потребата за заштита на сите членови на заедницата. Мисијата треба да биде ангажирана заедно со безбедносниот сектор на земјата-домаќин во извршувањето на задачите за ЗЦ. Целта на мисијата треба да биде правилна процена на ризиците кои произлегуваат од институционалните и владините слабости во безбедносниот сектор, и развивање и поддршка на спроведувањето на безбедносните договори, политики и механизми (и на локално ниво). Распоредувањето на мисијата, начелно, би требало да се изврши од страна на националните безбедносни сили на земјата-домаќин, на локации каде нивното отсуство резултира со зголемени закани по ранливите групи.

Мониторингот и известувањето за можни напади врз цивили создава објективна основа за дијалог со страните во конфликтот. Тоа треба да се користи во насока да се влијае на дејствувањето и односот на владата на земјата-домаќин и невладините вооружени формации. Тука спаѓаат и истрагите за кршење на човековите права, што овозможува идентификување на заканите и потребите за ЗЦ, како и утврдување основи за барање одговорност од извршителите.




***Обезбедување физичка заштита***

Второто ниво ги опфаќа активностите на сите компоненти на мисијата за физичка ЗЦ – присуство заради заштита, спротиставување на закани или употреба на сила, и обезбедување засолништа за жртвите од напад. Имено, ова ниво вклучува активности на униформираните компоненти на мисијата, кои вклучуваат демонстрирање или употреба на сила, одвраќање на напади, превенирање и одговор на закани за цивилите.

За да се спречат и одвратат заканите за цивилите, униформираните компоненти на мисијата мора да имаат проактивен однос. Дури и кога заканата не е идентификувана, ефикасна мерка за одвраќање на закани и градење на доверба може да биде и видливото присуство на униформираниот дел на мисијата, особено во области каде реално се очекуваат закани по цивилите и каде што не се присутни државните безбедносни сили. Ваквото присуство всушност, пружа гаранции на населението за намерата на мисијата да ги заштити цивилите од физичко насилство. Заштитата на цивилите мора да биде фокусот во содржините на оперативните наредби и во процесите на донесување одлуки за одредување на локацијата, времетраењето и видот на распоредување и патролирање на униформираните состави.




По идентификувањето на конкретна закана од напад врз цивили, се преземаат навремени мерки за елиминирање или ублажување на заканата, пред да се случи насилство, вклучително и засилено присуство и патролирање, демонстрирање сила, обезбедување стратегиски важни објекти, психолошки операции и проактивни воени и полициски операции.

Во случај физичкото насилство врз цивилите да стане неизбежно или е во тек, мисијата има одговорност за преземање дејствија со сите расположливи средства, брзо распоредување за обезбедување на цивилното население и распоредување сили за брза реакција. Во согласност со Правилата за ангажирање (Rules of Engagement - ROE) и Директивите за употреба на сила (Directives on the Use of Force - DUF) на мисијата, и во согласност со добиените насоки, употребата на сила треба да биде постепена, освен доколку цивилите или мировниците се под голема закана по нивните животи и здравје. Употребата на сила мора да биде ограничена во нејзиниот интензитет и времетраење, насочена исклучиво на она што е неопходно, со цел да се осигура дека цивилите се заштитени и нема опасност од цивилни жртви.

Активностите и операциите за одвраќање, спречување или запирање на нападите врз цивили, може да се спроведуваат заеднички, во координација со безбедносните сили на земјата-домаќин, или еднострано.

При извршување на какви било воени или полициски операции, мировниците мора да преземат мерки за ЗЦ и ублажување на потенцијалната штета врз нив, што може да произлезе пред, за време или после тие операции. ROE и




DUF мора да содржат голем број важни ограничувања за употребата на сила и колатералната штета мора да биде избегната.

***Воспоставување средина за заштита***

Активностите од трето ниво вообичаено се програмски и креирани со ресурси планирани за градење мир и цели за спречување и решавање на конфликти. Понекогаш се претставени како посебни задачи, прилагодени на спецификите на земјата-домаќин. Третото ниво помага при создадавањето средина за ЗЦ, спречувањето закани од физичко насилство, поддршка на легитимноста на земјата-домаќин и нејзиниот капацитет да ги заштити цивилите, како и поддршка на повторното воспоставување на владеењето на правото. Овие активности се особено релевантни во областите каде што конфликтот може да се спречи или да се намали, воедно и да се спречи евентуално избувнување нови насилства. Воспоставувањето средина за заштита вклучува и поддршка на политичките процеси на земјата-домаќин, значајно учество на жените во демократските процеси и обезбедување услови за долгорочна ЗЦ, DDR-процес, унапредување и заштита на човековите права и слободи, пронаоѓање експлозивни направи и деминирање, контрола на експлоатацијата на природните ресурси, спречување на недозволено ширење и трговија со оружје, како и сузбивање на организираниот криминал.

Активностите од третото ниво, генерално, се планираат и се реализираат заеднички со партнери. При нивното дизајнирање и спроведување, компонентите на мисијата го проверуваат степенот до кој тие придонесуваат за ЗЦ на краток, среден и на долг рок. Клучен аспект на ова ниво е зајакнувањето на владеењето на правото преку: борба против неказнивоста и зајакнување на кривичната одговорност за сериозни кривични дела, спроведување на законот и судските процеси; обновување, проширување и зајакнување на државните правосудни институции; подобрување на условите во затворите и намалување на ризикот од немири во затворите, масовни бегства и радикализација на затворениците.

Многу активности од ова ниво се спроведуваат како поддршка на властите на земјата-домаќин и нивната одговорност за ЗЦ. Тие може да вклучуваат реформи во безбедносниот сектор и градење капацитети во разни области. На локално ниво, третото ниво вклучува: поддршка на активностите за национално помирување; зајакнување на капацитетите за заштита на заедницата; едукација на поединци за нивно вклучување во наведените активности во општеството и локалната заедница; градење капацитети на граѓанското општество; создавање услови за враќање на бегалците и внатрешно раселените лица; и активности за економски развој.

Активностите на локално ниво мора да се спроведат во координација и консултација со локалните заедници, со цел соодветно да се одговори на различните потреби за заштита на жените, девојчињата и момчињата, и да се обезбеди одржливост и ефективност на тие активности како алатки за ЗЦ. Ваквите активности треба да се координираат и со релевантните хуманитарни и развојни меѓународни и невладини организации вклучени во мисијата.

М.С.





# Втора светска војна Опсадата на Ленинград

Судбината на некогашниот Ленинград помеѓу 1941 и 1944 година, односно денешниот Санкт Петербург, е единствена по нејзината страотност. На почетокот на германската опсада градот имал 2,5 милиони жители. Од нив околу 400.000 биле деца. За време на опсадата која траеше 872 дена, животот го загубиле околу 1 милиони луѓе. Најголемиот број поради глад. Историчарите ја опишувааат историјата на Ленинград како најголемата демографска катастрофа на кој било  град во светот. Блокадата траела од 8 септември 1941 година до 27 јануари 1944 година. Тоа е најдолгата опсада на еден град во 20 век

На 21 јуни 1941 година, нацистичка Германија ја започнала воената инвазија на Советскиот Сојуз под кодното име „Барбароса“. Покрај германските сили, во инвазијата учествувале и воените единици на Романија, на кои набрзо им се приклучија унгарските, словачките, финските, италијанските и силите на НДХ. Тоа била најголемата воена операција на германските нацисти, а борбената линија се протегала од Балтикот до Црното Море. Поделени во три групи, секоја од напаѓачките сили имале стратешка цел за себе - окупација на еден од трите големи советски градови. Армиската група „Југ“ требало да го окупира Сталинград, кој и стоел на патот на германската армија до нафтените полиња на Кавказ. Од друга страна, армиска група „Центар“ била фокусирана на пробивање до советската престолнина, Москва, додека армиската група „Север“ добила задача да го уништи Ленинград, денешен Санкт Петербург. Од воена гледна точка, овој град бил значаен бидејќи бил седиште на советската балтичка флота, а во градот, исто така, имало и бројни фабрики за производство на главното оружје. Фелдмаршалот Вилхелм Ритер фон Либ командувал со армиската група „Север“ која имала задача да го преземе Ленинград и тој планирал да го стори тоа што е можно поскоро. Меѓутоа, откако Хитлер издал наредба да испрати дел од своите оклопни сили како засилување во центарот на армијата, тој се откажал од брзото освојување на Ленинград. Наместо тоа, било неопходно да се создаде прстен околу градот, кој би довел до предавање на градот.
Со цел да се спротивстават на очекуваниот германски напад, градските власти на Ленинград мобилизирале повеќе од милион граѓани кои работеле на изградба на одбранбени утврдувања. За таа цел биле изградени неколку линии на одбрана, кои требало да дадат силен отпор на непријателот кој напредувал од југ (германските сили) и од север (фински трупи). Така, градот бил опкружен со 306 километри дрвени барикади,



635 километри жица и 700 километри противоклопни ровови. Дополнително, биле изградени 5.000 земјени, дрвени и армирани пречки, а биле ископани 25.000 километри ровови и 15.000 бункери.
Во текот на август, финските сили го вратиле Карелскиот Истмус, кој го имале загубено во Зимската војна и продолжиле да напредуваат кон езерото Ладога, делумно опкружувајќи го градот. Кога стигнале до граничната линија што ги делела Советскиот Сојуз и Финска во 1939 година, финските трупи го запреле своето напредување. Германската страна барала од Финците да продолжат да го напаѓаат градот, пред сè да започнат воздушни напади врз Ленинград. Меѓутоа, финската армија одбила да го стори тоа, тврдејќи дека целта на Финска не била да го заземе Ленинград, туку да ја окупира граничната линија пред избувнувањето на Зимската војна. За тоа време, германските сили продолжиле да напредуваат и, избивајќи на реката Нева на 30 август 1941 година, ја прекинале последната железничка врска помеѓу Ленинград и остатокот од Советскиот Сојуз.
Првата граната врз Ленинград паднала на 1 септември 1941 година, а првите воздушни напади врз самиот град започнале на 6 септември 1941 година. Како резултат на постојаното бомбардирање, во првите месеци од опсадата, целиот град бил во пламен. Германските сили успеале да ги уништат сите продавници за храна, додека огромни количини жито, брашно и шеќер складирани во магацини биле неповратно изгубени.
На 8 септември 1941 година, германските сили избиле на езерото Ладога, прекинувајќи ја последната копнена врска со Ленинград. Во тој момент германските сили биле оддалечени само 16 километри од градот. Истиот ден започнал првиот масовен воздушен напад врз градот. Нападот што следел се одвивал во два брана. Првиот бран започнал во 18:45 часот кога над 6.000 бомби биле фрлени врз градот. Вториот бран следел во 22:45 часот кога градот бил гаѓан со запаливи бомби, предизвикувајќи 178 пожари за само еден ден. Во еден од нив бил уништен и главниот градски магацин за храна. Германскиот лидер Адолф Хитлер бил убеден дека Ленинград „ќе падне како лист“, па дури имал испечатени покани за прославата на победата што требало да се одржи во хотелот „Асторија“ во Ленинград. Според процените на германската војна, Ленинград требало да биде првиот голем советски град што ќе биде окупиран. Набргу потоа, на 22 септември 1941 година, Хитлер ја издал директивата број 1601 во која наредил „Санкт Петербург да се избрише од лицето на земјата“, наведувајќи дека „немаме интерес да го спасиме цивилното население“.
Евакуацијата на населението се одвивала во три фази. Во првата фаза (јуни - август 1941) од градот биле евакуирани 336.000 цивили, главно деца. Во втората фаза (септември 1941 - април 1942), 659.000 цивили биле евакуирани од градот, напуштајќи го градот преку езерото Ладога. Последната, трета фаза, се одвивала во периодот од мај 1942 година до октомври истата година, кога од градот биле евакуирани околу 400.000 цивили, исто така преку езерото Ладога.

**Животот во опколениот град**

Животот во опколениот град станувал сè потежок. Следело ново, големо бомбардирање на градот, при што биле уништени сите главни резерви на храна во градот, како и бројни фабрики. Сепак, пред конечното затворање на обрачот околу градот, Советите успеале да евакуираат дури 86 големи стратешки индустрии од градот. За потребите на одбраната, дел од фабриките останале во градот, како што се Ленинградскиот металуршки институт (ЛМЗ), бродоградилиштето и фабриката Киров. Нивната примарна цел била да произведуваат оружје и муниција за бранителите. Тенковите што се произведувале во фабриката „Киров“,





која била под постојан непријателски оган и биле испраќани на фронтот директно од фабричката линија. Електричната енергија, која редовно го снабдувала градот пред опсадата, сега била достапна само за армијата. Тунелите кои биле изградени за потребите на градското метро служеле како јавни засолништа при воздушни и артилериски напади. До крајот на септември 1941 година, единствениот начин на кој граѓаните можеле да се загреат било да ги исечат постоечките дрвја во градот и да ги користат за правење огревно дрво. Пред тоа, како замена за огревно дрво, граѓаните веќе користеле мебел и книги. Во текот на целиот период на опсадата, трупите агресор систематски го бомбардирале водоводот, така што граѓаните останале без вода. Во текот на зимата, граѓаните биле принудени да дупчат дупки во реката Нева за да најдат вода под мразот или да се стопи мразот и снегот. Ваквиот начин на доаѓање до вода за пиење со себе носи и бројни опасности по здравјето. Дополнителна отежнувачка околност беше тоа што зимата од 1941 до 1942 година била една од најстудените, со температури кои паднале до -40 С. Во текот на декември 1941 година, секој ден животот го губеле меѓу 5.000 и 7.000 цивили, а голем број од починатите останале под снег до следната година. Кога во пролетта почнале да се топат снегот и мразот, можеле да се видат телата на мртвите како лебдат во реките.

И покрај сите овие страдања, моралот на граѓаните останал на високо ниво, а градот, колку што било можно во воени услови - функционирал. Иако градот бил изложен на континуиран оган, неговиот културен живот не запрел. Уште во првата зима што граѓаните ја поминаа под опсада, во градот биле отворени неколку училишта и театри.

Она што најмногу ги погодило жителите на градот бил гладот, кој бил особено изразен во текот на зимата во 1941 и 1942 година. Во текот на јануари и февруари 1942 година, месечно умирале околу 100.000 луѓе, повеќето како резултат на глад. Откако граѓаните ги изеле сите домашни миленици, па дури и птиците и стаорците, се појавил канибализам. Во еден извештај од 13 декември 1941 година се споменуваат тринаесет случаи на канибализам. До крајот на декември 1942 година, НКВД уапсила 2.105 канибалисти кои биле поделени во две категории. Првата категорија ги вклучувала оние кои јаделе трупови што ги пронашле (јадачи на мрши), додека втората категорија ги вклучувала оние кои намерно убивале луѓе за потоа да ги изедат (канибалисти). Оние кои би биле класифицирани во првата категорија биле осудени на затвор, додека оние од втората категорија биле осудени на смрт.

На 12 јануари 1943 година, Црвената армија ја започнала операцијата „Искра“, при што советските сили од Ленинград и Волков извршиле контранапад на јужниот дел од бојното поле. Шест дена подоцна, советските сили успеваат да ја пробијат опсадната линија и да отворат коридор што овозможува подобри резерви за Ленинград. Многу брзо и железничката линија помеѓу Ленинград и Москва била пуштена во употреба. Опсадата конечно завршила на 28 јануари 1944 година, кога последните германски трупи се повлекле од 60 на 100 километри од Ленинград.

Бројот на луѓе кои загинале за време на опсадата варира во зависност од изворот. Советската влада пријавила смрт на 670.000 луѓе. Други извори покажуваат повисоки процени кои се движат од 700.000 до 1.500.000 жртви. Голем број жртви, околу половина милион, биле погребани на Меморијалните гробишта Пискариовское. Денес, тоа е место за комеморација на страдањата, каде што многумина носат црвени каранфили или парчиња леб за да се потсетат на страдањата на жителите на Ленинград за време на 872-дневната опсада.



м-р Игор Дамјановски



# Феминистичка надворешна политика Искуства во Латинска Америка

Феминистичката надворешна политика (Feminist Foreign Policy-FFP) се смета за најнов придонес на феминизмот во глобалното владеење. Единаесет земји ширум светот ја прифатија FFP, со цел систематски да ја интегрираат родовата перспектива низ надворешнополитичките агенди. Во последниве години, овој тренд се прошири и во Латинска Америка

Мексико ја воведе FFP во 2020 година, а новоизбраните чилеански и колумбиски влади ги изразија своите намери за усвојување на рамката. Овој растечки интерес за FFP низ Латинска Америка покренува важни прашања: Што точно е оваа феминистичка надворешна политика и што може да се добие со именување на надворешната политика како феминистичка? Дали латиноамериканските феминистки треба да се ангажираат, поддржат или критикуваат во овој глобален тренд? Како изгледа FFP во контекст на Латинска Америка?

Феминистичката надворешна политика се појавува како ново поле во феминистичките меѓународни односи. Надоврзувајќи се на правата на жените и мировните движења низ светот, феминизмот зазема важна позиција во академските и политичките простори бидејќи обезбедува моќен извор на интервенција против различните форми на дискриминација. Сепак, теоретските основи на FFP, сè уште не се јасно дефинирани. А, како изгледа FFP, во голема мера зависи од толкувањето на концептот од страна на владата. Во овој контекст, Шведска прво предложи општ модел на FFP, изграден на она што тие го нарекуваат три „R“: ресурси, застапеност и права. Нивниот модел продолжи да дефинира „шест долгорочни надворешни цели“, фокусирани на креирање политики со родова перспектива: слобода од различни видови родово базирано насилство; учество на жените во спречување и решавање на конфликти и постконфликтно градење мир; политичко учество; економски права и зајакнување и сексуалното и репродуктивното

здравје и права. Овој првичен шведски предлог послужи како основа за политиките на другите земји. Но, за многу набљудувачи на надворешната политика и феминистички активистки овие цели сè уште не се многу јасни и се двосмислени. Но, да видиме што подразбира надворешната политика? Ова прашање е во основата на дискусијата меѓу академиците и активистите за тоа дека феминизмот е насочен кон неолиберални економски цели. Има и прашања за спорни теми за феминистките. На пример, како родовата перспектива е инкорпорирана во одбраната и безбедноста? Со оглед на долгата традиција на пацифизам во феминистичкото движење на глобално ниво и неговото барање за активна заложба за разоружување, се поставува прашањето како земјите како Канада можат истовремено да извезуваат оружје и да спроведуваат FFP.

Меѓународните организации, пак, се обидуват да обезбедат јасна дефиниција. Во својот најамбициозен израз, UN Women предлага FFP да се стреми да ја трансформира севкупната практика на надворешната политика, вклучувајќи ја дипломатијата на земјата, одбранбената и безбедносната соработка, помошта, трговијата, климатската безбедност и имиграциските политики во корист на жените и девојките. Но, феминистичкото граѓанско општество има тенденција да заземе покритички став. Женската меѓународна лига за мир и слобода (WILPF) во Германија верува дека „фиксирањето на производството на универзално прифатлива и конкретна дефиниција на феминистичката надворешна политика не ги зема предвид различните и разновидни политички реалности што го обликуваат нашиот глобален пејзаж“. Така, тој предлага пет концепти за информирање на развојот на политиките кои подобро ја отсликуваат оваа варијација: интерсекционалност; емпатична рефлексивност; суштинско застапување и учество; одговорност; и активна мировна посветеност. Без оглед на конкретната дефиниција, FFP има цел да постигне експлицитни нормативни и етички цели. Сепак, како што забележува Џенифер Томпсон, FFP е државен изум во кој целите на надворешната политика често се обликуваат од државните интереси, а не од нормативните принципи на феминистичките активисти. Од друга страна, граѓанското општество често ги формулира критериумите за FFP, но државите спроведуваат надворешна политика. Со други зборови, државите се тие кои на крајот одлучуваат што се смета за FFP, а што не. Како резултат на тоа, FFP може да не ги исполни своите етички ветувања - особено во земји без силни механизми за одговорност.  Таков типичен пример е обидот на Мексико да развие FFP.

Во септември 2022 година, Internacional Feminista, мексиканска феминистичка организација ја објави првата евалуација на мексиканскиот FFP. Заклучокот е дека не е јасно во однос на тоа што всушност вклучува FFP и нема патоказ на политиката што ги детализира активностите, резултатите, индикаторите и планираното влијание на FFP. Со други зборови, мексиканскиот FFP е во застој. Во однос на прашањето што претставува надворешна политика, мексиканскиот ФФП има широк и амбициозен опсег. Секретаријатот за надворешни работи се обидува да ги вклучи родовите перспективи во сите области на надворешната политика како една од неговите основни цели, но сепак тоа не се случува во практика. Дискусијата за FFP е највидлива во реториката на Мексико на мултилатералните форуми. Сепак, доказите дека Мексико всушност размислува за родовата перспектива, во голема мера отсуствува од другите прашања од надворешната политика, како што се одбраната, трговијата и дипломатијата. Една иновација на FFP на Мексико е и давање приоритет на родовата еднаквост во рамките на Министерството за надворешни работи и неговиот дипломатски кор. Како и да е, не е можно да се процени дали постои родова еднаквост меѓу ранговите бидејќи Секретаријатот нема достапна евиденција за демографски податоци за персоналот, поделени според пол или ранг. Недостатокот на








достапни податоци поделени според полот сугерира дека ова не е толку фокусирана област како што навидум се чини. Друга карактеристика на мексиканската иницијатива е нејзината цел да ги зајакне протоколите за справување и спречување на родовото насилство во Министерството за надворешни работи. Сепак, има многу малку достапни информации во врска со тоа како тие се имплементираат и дали ги постигнале планираните резултати. Отсуството на информации повторно сугерира дека тоа не била приоритетна задача. Всушност, два случаи ја доведуваат во прашање посветеноста на Мексико кон FFP: едниот вклучува неуспех во конзуларното внимание на Мексиканка, жртва на родово базирано насилство во Катар, а другиот вклучува обид да се назначи маж обвинет за сексуално вознемирување за амбасадор на Мексико во Панама.

Без јасни упатства за имплементација и критериуми за евалуација, мексиканските власти се мачат да ги надминат противречностите во владата. Најпознат е недостатокот на поддршка од самиот претседател кој, според Уставот на Мексико, е одговорен за дефинирање на целите на надворешната политика. Претседателот Андрес Мануел Лопез Обрадор е отворено непријателски расположен кон феминистичкото движење, а неодамнешното протекување на информации покажува дека секретарот за одбрана шпионира феминистички активисти. Сепак, дипломатите продолжуваат да ги поддржуваат феминистичките принципи на мултилатералните форуми. Непријателството на претседателот и неусогласеноста меѓу секретаријатите го попречуваат потребниот дијалог со феминистичкото граѓанско општество и ги блокираат шансите за ефективна одговорност на политиките. Мексиканското искуство ги нагласува предизвиците за спроведување на FFP во Латинска Америка. Како прво, сосем е јасно дека FFP не ги турка границите како што сугерираат неговите поддржувачи. Тоа е ограничено со недостаток на механизми за одговорност, широка политичка поддршка и буџетски ограничувања. Како резултат на тоа, FFP често е недоволен за да поттикне промени за критичните прашања.

Сепак, феминизмот во регионот, како што вели Клаудија Корол, „е бунтовно движење во кое плуралните и разновидни тела и различните борби го бараат своето место и бараат да бидат именувани“. Со други зборови, феминизмот е во тензија со круговите на институционализирани, дисциплинирани и нарачани практики, како што се надворешната политика предводена од владата. Поконкретно, во земјите со огромна економска нееднаквост и високи стапки на родово насилство врз жените, многу се потребни феминистички принципиелни политики. Меѓутоа, поради институционалниот отпор, спроведувањето на политиката е далеку од гарантирано. Дизајнот и имплементацијата на надворешните политики во регионот, историски уште се простор за машките елити и, како што покажува примерот на Мексико, FFP беше недоволен за да се прекине оваа инерција. Според зборовите на феминистката Ангела Дејвис, „ако стандардите за феминизам се создадени од оние кои веќе се искачиле на економските хиерархии и се обидуваат да го направат последното искачување на врвот, како е ова релевантно за жените кои се на самото дно“?

Како заклучок вреди да се нагласи дека вистинските напори за унапредување на родовата правда треба повторно да ги замислат традиционалните меѓународни односи и дипломатија. Ова може да се постигне со поцелосно разгледување на локалната динамика и актери во развојот на надворешните политики. Феминистичкото граѓанско општество е во првите редови на успешните промени во домашните политики  и  треба да ги вклучиме нивните стратегии и согледувања во развојот на надворешната политика.




м-р Билјана Поповска (адаптирно од од АНА ВЕЛАСКО , за повеќе види на https://www.duckofminerva.com/2023/05/oye-como-va-feminist-foreign-policy-in-latin-america.html)



*„Дејствувањето на војската е плод на активна соработка на сите заеднички и одделни елементи“*
*Андре Гаве,*
*„Вештина на комадувањето“*

# Улогата на главниот подофицер во команден тим

Командниот тим може да се дефинира како ,,истакнат сет од две или повеќе лица кои заедно, динамично, меѓусебно, зависно и адаптивно дејствуваат кон заедничка цел и мисија, на кои им се доделени специфични улоги или функции кои треба да ги извршуваат и кои имаат ограничено времетраење на членството“ (Chief of the Defense Staff, The CPO1/CWO Strategic Employment Model, Ottawa: Chief of Force Development, 2012, Section 2.4). Командниот тим го сочинуваат командантот и главниот подофицер, додека во зависност од видот и формациската организираност на единицата-командата, во командниот тим како постојан состав може да учествуваат заменикот на командантот и началникот на штабот, каде што командниот тим во овој состав е одговорен за секојдневното работење и за правилно функционирање на потчинетите единици. Во зависност од одредени ситуации и потреби, командниот тим може да биде составен од целиот штаб, дел од штабот или други припадници во улога на надворешни соработници, кои врз основа на нивната стручност и специјалност можат да придонесат за подобрување на севкупната ефективност.

Командени тим претставува организирана функционална целина, која е формирана и раководена од командант, а се состои од две или повеќе лица, кои врз основа на формациската поставеност и должност, имаат легитимно право и овластување да обезбедуваат поддршка и асистенција на командантот во развивање на правци на дејство, донесување на одлуки, да го насочуваат, координираат и контролираат работењето на потчинетите единици, на персоналниот и на организациониот менаџмент

Овој состав е променлив и не е постојан, го опфаќа работењето и постапувањето во дадена конкретна ситуација (кадровски совет, процес на донесување воена одлука итн.). Основна единица во која се формира команден тим е баталјонот или на него еднакви и повисоки команди, меѓутоа тоа не ја исклучува можноста командниот тим да се формира и во пониски единици од ранг чета, батерија, самостоен вод, каде што командирот може да формира група која би имала улога на команден тим кој би ја подобрил ефикасноста во военото работење и извршувањето на задачите.

Главниот подофицер во составот на командниот тим според Стратегијата и насоките за НАТО подофицери, се опишува како клучен најстар подофицер на врвот на подофицерската пирамида, кој е советник на командантот и штабот (од најниско ниво/баталјон до ГШ на Армијата), кој на свое ниво дава предлози и препораки за сите работи кои се однесуваат на војниците и подофицерите. Обезбедува усогласеност со насоките, придржување до стандардите, извршување на задачите, однесувањето и ефикасна обука, како и одржување на дисциплината во рамките на организацијата, надгледувајќи го развојот на војниците и подофицерите, служејќи на највисоко ниво, овозможувајќи надзор на тактичко, на оперативно и на стратегиско ниво, поддржувајќи ја намерата на командантот (NATO Non-Commissioned Officer Bi-SC Strategy and NCO Guidelines – TSC GSH 0010/ TT 170755).

Работењето на главниот подофицер во составот на еден тим подразбира постојана интеракција помеѓу главниот подофицер со сите членови на тимот, независно од неговата големина, преку надминување на сите персонални и професионални бариери кои произлегуваат од мешовитиот состав на учесниците во тимот. Затоа и составот на тимот се опишува како мешавина на луѓе во тимот според одредени критериуми, како што се вештини, особини, стаж, итн. Оперативно, составот на тимот ги вклучува следните карактеристики: мешавина на стручни вештини, мешавина на демографски карактеристики (возраст, пол, етничка припадност и култура), мешавина на особини на личноста (екстравертни, интравертни и други структури на личноста). Големината, пак, на тимот се однесува на бројот на поединци во тимот. Тимот треба да е доволно екипиран за да ја исполни задачата во рамките на дадените ограничувања (како што е дефинирано во рамката на мисијата). Начелно, тимовите треба да бидат екипирани до најмалиот број потребен за извршување на задачата, односно ефективноста на тимот не зависи од неговата големина. Оптималната големина на тимот е од пет до шест членови. Добро обучени тимови може да достигнат големина и до дванаесет членови (Military Command Team Effectiveness: Model and Instrument for Assessment and Improvement, page 5-10).

Тимското работење не подразбира колективно заедничко одлучување, туку само асистенција на командантот при избор и донесување на најсоодветна можна одлука во одредена дадена ситуација во однос на сите раположливи ресурси. Борко Николовски во „Основи на воеwaното раководење“ истакнува дека тимската работа е принцип и метод на работа на командите и штабовите во сите услови, додека тимската организација е отворена за промени во составот, групирањето, примената на одредени методи на работа и анализи (логички, математички, статистички и операциони истражувања), каде што тимската работа обезбедува примена на соодветни методи, технички средства и постапки во планирањето, организирањето, командувањето, координацијата и контролата на



Главниот подофицер има повеќенаменска улога во командниот тим. Тој е советник на командантот за сите прашања поврзани со подофицерите и војниците, директно остварува соработка со сите секции во штабот преку каналот за поддршка на подофицерите, го подготвува и го насочува работењето на првите подофицери во чети, со што се обезбедува функционалност и правилност во работењето на останатите подофицери во потчинетите единици





работата. Најчесто користени методи на работа при развивањето и дистрибуцијата на информациите помеѓу учесниците во командниот тим се: метод на затворена група, работа според метод на штафета, работа според метод на групна штафета, комбинирана метода, секторска работа, консултативна работа и самостојна работа.
Главниот подофицер има повеќенаменска улога во командниот тим. Тој е советник на командантот за сите прашања поврзани со подофицерите и војниците, директно остварува соработка со сите секции во штабот преку каналот за поддршка на подофицерите, го подготвува и го насочува работењето на првите подофицери во чети, со што се обезбедува функционалност и правилност во работењето на останатите подофицери во потчинетите единици. Работењето на главниот подофицер во рамките на командниот тим може да се согледа во Прирачникот за команданти и штабови, каде што се истакнува дека ,,главниот подофицер е виш подофицер во единицата, тој го советува командантот за потенцијалните ситуации, процедури и практика кои влијаат врз благосостојбата, моралот, задоволството од работата и употребата на сите војници од баталјонот“ (Прирачник за команданти и штабови, страница 10). Комплексноста на ваквите побарувања од главниот подофицер бараат развиени лични способности кои најпрво би требало да произлезат од правилна селекција на лица за главни подофицери во согласност со нивното институционално образование, работно и борбено искуство, кое е од посебно значење, бидејќи истото исклучиво се стекнува на бојното поле преку учество во борбени дејства или контакти, што резултира со посебна димензија во размислувањето и пристап кон военото работење, каде што не случајно се истакнува дека подофицерите водат со личното искуство. Не помалку се значајни и развиените подофицерски карактеристики како компетентни лидери, цврсти борци, искусни тренери, ефективни реализатори, организатори на подофицерскиот кор, кои меѓусебно се поврзани со строг морален кодекс (Концепт за развој на подофицери, 2005 година). Затоа и Едуардо Салас во неговата книга „Ефикасност на тимот и донесување на одлуки во организациите“, истакнува дека стекнувањето и совладувањето на индивидуалните вештини е неопходен услов да се биде ефективен член на тимот, каде што како потребни вештини се нагласуваат тактичките, техничките, интерперсоналните и когнитивните вештини.



Воените командни тимови подразбираат хоризонтална и вертикална функционалност, каде што хоризонталната функционалност се одвива на релација помеѓу командантот, началникот на штабот и штабот, каде што секциите во штабот се во хоризонтална линија во поглед на воената хиерархија и се вклучени во процесите на донесување одлуки, изработка на правци на дејство, координација и контрола на извршните елементи. Вертикалната функционалност се одвива помеѓу командантот и првопотчинетите командири (најчесто командири на чети), спрема командантот во однос на хиерархиската поставеност, потчинетите единици се во вертикална линија и истите се вклучени во сите фази на извршување на одлуката на командантот. Улогата на главниот подофицер подразбира способност за функционирање и дејствување во хоризонталната линија на тимот преку соработка со штабот и во вертикалната линија на тимот преку соработка со потчинетите единици како извршни елементи. Овде улогата на главниот подофицер се истакнува како клучен елемент во штабот, кој работи со сите членови на штабот во сите фази на која било мисија, за да се осигури дека барањата поставени во намерата на командантот се пресретнуваат.

Виктор Крстевски
Џоскеј Петровски



Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**



# 18 АВГУСТ

## Ден на Армијата на Република Северна Македонија

# „J-20“ Кинески ловец-бомбардер од 5-та генерација

„J-20“ е најсовремен ловец-бомбардер од 5-та генерација воведен во ВВ на Кина. Основната верзија на леталото е едноседна. Според вградениот погон леталото припаѓа во групата на двомоторни млазни летала. Според поставеноста на крилата во однос на трупот леталото е висококрилец, а според градбата на крилата припаќа во групата на делтокрилни летала со напред поставени канарди. При проектирање на леталото се користат најсовремени аеродинамички решенија и материјали со цел добивање на стелт карактеристки. Односно, за подобри стелт карактеристики на леталото, одредени позиции од конструкцијата се изработуваат од мета-материјали (композити) кои ги апсорбираат радарските зраци, плус конструкцијата е премачкана со специјален материјал за апсорбирање на радарските зраци. Инаку леталото поседува аеродинамички нестабилна конструкција која е компјутерски контролирана.
„J-20“ има современ ,,стаклен” кокпит, односно на котролниот панел доминира LCD повеќенаменскиот колор монитор на допир, со димензии 610 x 230 mm. Покрај него се вградени и 3 помали дисплеи, а за нишанење е вграден широкоаголен холографски нишански систем. Исто така за потребите на пилотот е развиена специјална пилотска кацига со вграден нишански систем, со чија помош може да се нишани и дејствува со ракети под големи нападни агли надвор од правецот на движење. За управување со леталото во кокпитот се вградени HOTAS команди, кои преку електронски управувачки команди наредбите се пренесуваат до управувачките површини на леталото. Инаку, системот на електронски управувачки команди е опремен со систем за контрола на огнот и систем за управување со моторите.
Современата авионика која се состои од повеќеспектрални сензори способни да обезбедат сенасочно покривање од 360°, на „J-20“ му овозможуваат зголемена свесност за ситуацијата на теренот. Дел од оваа авионика се моќниот радар AESA Type 1475 (KLJ-7A), електрооптичкиот нишански систем EOTS-86, електрооптички ИЦ систем EORD-31и DAS (Distributed Aperture System) системот составен од шест електрооптички сензори поставени на различни делови од конструкцијата наменети да обезбедат сенасочно покривање. Благодарение на системите EOTS-86, EORD-31 и DAS овозможено е авионот да поседува можност за пасивно откривање, идентификување, следење и пресретнување на класични воени и стелт авиони без да се емитуваат електромагнетни сигнали од радарот.
Покрај наведената опрема, во леталото се вградени и сензорски систем за препознавање пријател/ непријател, системи за електронско војување ESM (electronic support measures)/ ECM (electronic countermeasures), сателитска навигација, data-link за комуникација, лансери на мамки за ракети и друго.
Со цел да се сочуваат стелт карактеристиките на леталото, внатрешно во конструкцијата има 3 куќишта за оружје. Главното куќиште за оружје е поставено во долниот дел од конструкцијата и поседува 4 носачи на кои можат да се постават различни видови на оружја, а од бочните страни на конструкцијата се вградени по едно куќиште во кои се сместуваат противавинските ракети со краток дострел PL-10. Во главното куќиште можат да се сместат противавионските ракети PL-12 (со среден дострел) и PL-15 (со голем дострел), а во иднина се планира да се користи и PL-21. Леталото може да се опреми и со оружја за дејство по копнени цели, односно со наведуваните бомби со мал дијаметар LS-6 од 50 kg и LS-6 од 100 kg, со антирадарски ракети, а во иднина се планира и носење на крстосувачки ракети. На крилата можат да се постават по 2 подвесни носачи на кои се поставуваат дополнителни резервоари за гориво од 1700 литри и од 1000 литри. Авионот не поседува вграден автоматски топ.
Првата верзија на „J-20“ била опремена со рускиот мотор АЛ-31ФМ2, но на леталото се вградувани и кинеските мотори WS-10B, WS-10B-3 и WS-10C. Овие мотори на леталото му овозможуваат брзина од 2 маха, но не и суперкрстосувачка брзина. Затоа, крајна цел на конструкторите е вградување на моќниот кинески мотор WS-15, со моќност од 180 kN, кој на леталото треба да овозможи максимална брзина од 2,5 маха и суперкрстосувачка брзина од 1,82 маха.
Од леталото досега се развиени 3 верзии и тоа основната едноседна „J-20A“, модифицираната едноседна „J-20B“ која поседува повеќе конструкциски измени и друг погон и двоседната верзија „J-20S“. За потребите на ВВ на Кина до 2023 год се произведени над 200 летала „J-20“ во различни верзии.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**

**1.** Радар AESA Type 1475 (KLJ-7A), со максимален дострел од 370 км
**2.** Електрооптички ИЦ систем EORD-31
**3.** HUD нишански систем за пилотот
**4.** Склопив приклучок за дополнување на гориво во лет
**5.** Катапулт седиште HTY-58E
**6.** Канард кој целиот се движи при управување
**7.** Дополнителен подвесен резервоар за гориво со капацитет од 1700 литри
**8.** Управливо предкрилце
**9.** Елерон
**10.** Флапс
**11.** Вертикален управувачки стабилизатор кој целиот се движи при управување (поставен под агол)
**12.** Млазник на мотор








**13.** Млазен мотор WS-15
**14.** Конструкција на делта крилото
**15.** Надворешен носач на оружје
**16.** Заден стоен трап
**17.** Противавионска радарски наведувана ракета PL-15 (дострел 150 км)
**18.** Противавионска ИЦ наведувана ракета PL-10E (дострел 20 км)
**19.** Врата од внатрешното куќиште за ракетата PL-10E
**20.** MADL мултифункционална data-link антена
**21.** Сензорски систем за детекција на лансирана непријателска ракета
**22.** Вшмукувач за воздух за моторот, профилиран за намалување на радарскиот одраз
**23.** Преден стоен трап
**24.** Куќиште за авиониката на радарот
**25.** Електрооптички нишански систем A-Star EOTS-86

| Тактичко-технички карактеристики на „J-20A“ | |
|---|---|
| **Должина** | 21,2 м |
| **Опсег на крилата** | 13,1 м |
| **Опсег на канардите** | 7,62 м |
| **Височина** | 4,69 м |
| **Тежина на конструкцијата** | 17 тони |
| **Стандардна тежина** | 25 тони |
| **Максимална полетна тежина** | 37 тони |
| **Погон** | 2 мотори WS-10C, со моќност од 147 kN |
| **Максимална брзина на летање** | 2 маха |
| **Капацитет на гориво** | 12 тони |
| **Плафон на летање** | 20 000 м |
| **Автономија на летање** | 5500 км |
| **Борбен радиус** | 2000 км |
| **Оптеретување на конструкција** | +9/ -3 Г |



# Хеликоптер „AgustaWestland AW159 Wildcat“

Хеликоптерот „AgustaWestland AW159 Wildcat“ е воен хеликоптер на Велика Британија, познат уште и под имињата: „Future Lynx“ односно „Lynx Wildcat“.

„AgustaWestland AW159 Wildcat“ е релативно нов хеликоптер и е подобрена верзија на „Westland Super Lynx“, дизајниран да служи како повеќенаменски хеликоптер во воена средина, како и за реализација на мисијата за пребарување и спасување. Во британската служба ваквите варијанти ги управуваат кралската морнарица и армијата. Овој тип како извозна варијанта бил понуден на неколку клиенти и истиот е нарачан од морнариците на Јужна Кореја и Филипини.

Во текот на 2009 година, било објавено дека „Future Lynx“ ја добил ознаката „AW159“ од страна на „AgustaWestland“ и ќе биде познат во британската воена служба како „Wildcat“. Прераснува во воздухоплов со способности за реализација на повеќе мисии: воздушно извидување, противподморничка војна, противповршинска војна, како центар за командување и контрола, како и за реализација на други задачи. Во 1995 година, британската влада објавила дека постојните хеликоптери на кралската морнарица од типот „Westland Super Lynx“ треба да бидат заменети. Преговорите во Министерството за одбрана продолжиле со неколку предлози со цел да го продолжат работниот век на постоечкиот „Westland Super Lynx“ преку програми за надградба, односно да се реализираат повеќе амбициозни програми за повторно производство кои вклучуваат различни степени на нови компоненти. На 22 јули 2002 година бил потпишан договор за соработка помеѓу компаниите „AgustaWestland“ и „Thales Group“, според кој на „Thales“ му била доделена развојната одговорност на програмата за основна авионика, вклучувајќи ги комуникациите, навигацијата и електрониката за управување со летовите. Претходно, во 2000 година „Agusta“ од Италија и „Westland Helicopters“ од Обединетото Кралство се споиле и ја формирале компанијата „AgustaWestland“.

На почетокот на 2005 година, во Министерството за одбрана се размислувало да се покрене отворен конкурс за други компании со доставување понуди и исполнување на побарувањата за нов хеликоптер. Во одредени моменти се размислувало за набавка на алтернативни платформи како што се: „NHIndustries NH90“, „Eurocopter EC120“ или „Eurocopter EC635“ наместо „Future Lynx“. На крајот на годината, Министерството за одбрана го потврдило изборот на „Future Lynx“ како нејзина претпочитана опција во програмата за обновување на хеликоптерската флота. Во текот на 2006 година, на „AgustaWestland“ и бил доделен договор од 1 милијарда фунти за изградба на 70 хеликоптери „Future Lynx“ како обврска според Договорот за стратешко партнерство со „AgustaWestland“, а во јули

2009 година трошоците за програмата „Wildcat“ биле зголемени на 1,7 милијарди фунти. Програмата предвидувала хеликоптери поделени помеѓу армијата и морнарицата, а „Future Lynx“ да стапи во служба на британската армија и кралската морнарица во текот на 2014-2015 година и со планови да остане во службата во наредните 30 години (дел од хеликоптерите „AW159“ се користат и од британските специјални сили).
На почетокот на 2013 година, администрацијата во состав на програмата за одбрана на Јужна Кореја го објавила изборот на хеликоптерот „AW159“, со цел исполнување на побарувањата на морнарицата, победувајќи против варијантата „MH-60R Seahawk“. Алтернативните опции ги вклучувале хеликоптерите „MH-60 Seahawk“, како и домашно произведениот хеликоптер „KAI KUH-1 Surion“. Хеликоптерот „AW159“ бил наменет за извршување мисии за пребарување и спасување, противподморничка војна и надзор. Една година подоцна и авторитетите во Филипини објавиле дека хеликоптерот „AW159“ бил избран од страна на филипинската морнарица, за да ги исполнат побарувањата за реализација на противподморничко војување и противповршински способности на морнарицата.
Хеликоптерот „AW159“ како понатамошен развој на „Westland Lynx“, споделува широки сличности во изгледот со „Lynx“, но има и значителни разлики во дизајнот (модернизиран и приспособен за да добие нови атрибути и функционалност). Се состои од 95% нови компоненти и до 80 % помал број на делови на воздушната рамка од претходната генерација на „Lynx“, што било постигнато преку употреба на одредени машински компоненти со работен век на замор од 12.000 часа. И двете варијанти на армијата и морнарицата имаат заедничка воздушна конструкција со зајакнато подвозје заради поморските слетувања. Двата турбомотори ја зголемуваат



максималната тежина при полетување за повеќе од 1000 килограми во однос на стариот „Super Lynx“. Стаклената пилотска кабина се состои од четири мултифункционални дисплеи за да се обезбедат информации за воздушниот екипаж и за комуникација со авионските системи на бродот.
Многу елементи од авиониката на „AW159“ се обезбедени од компанијата „Thales Group“. Се наведува дека типот поседува значајни ISTAR-способности и подобрена ситуациона свест, постигната преку неговата вградена архитектура на дигитални отворени системи. Опремен со солиден комуникациски систем, овозможува податоци како што се таргетирање и пренос на информации до пријателските сили. Со подобрени перформанси и способности, некои модели AW159 се опремени со различни системи за тактичка обработка на информациите. Хеликоптерот е управуван од 2 пилоти, а може да превезува 7 до 9 патници. Армиската верзија има митралез од 7,62 мм, додека поморската верзија е опремена со многу поможен митралез од 12,7 мм, со ненаведувани или наведувани ракети, проектили „воздух-земја“ и торпеда. Карактеристиките за преживување вклучуваат оклопни седишта на екипажот, оклопен под во кабината и систем за заштита од удар со жица. „Future Lynx“ е опремен со интегриран систем за следење и мониторинг, вклучува напреден интегриран авионски пакет со двоен дигитален автоматски систем за контрола на летот. Опремен е со безбедносен систем за контрола на комуникациите, со можност за безбедна и заштитена гласовна комуникација.
Хеликоптерот AW159 се одликува со нови технологии и способности додека се надоврзува на оперативното искуство стекнато на бојното поле и во поморските домени. Современите системи обезбедуваат приспособлива и агилна платформа, способна да го пронајде и да го нападне непријателот во сурови, непријателски средини и во неповолни морски услови. Со можност за поврзување со беспилотните летала, хеликоптерот „AW159“ ја подобрува способноста за воздушна поддршка за обемни и сложени операции базирани на мешавина од платформи и системи.

Драган Павловски





# „STORMER 30“ Оклопно извидувачко возило на гасеници

„Stormer 30“ е високомобилно оклопно извидувачко возило и лесен тенк развиен од страна на поранешната компанија „Alvis Vickers Ltd“ (денес BAE Systems Land Systems) од Ковентри, Обединетото Кралство. Првпат е лансирано во 1997 година

„Stormer 30“ е варијанта на семејството на возила на гасеници „Stormer“ и развојот се базира на докажана технологија од асортиманот на лесни тенкови „Scorpion“ за изведување на операции на кој било  терен и во кое било опкружување. Со возилото управуваат тројца членови на екипажот, возач, командир/полнач и нишанџија. Возилата беа тестирани и демонстрирани во Обединетото Кралство и на Блискиот Исток. „Stormer 30“ исполнува различни воени и мировни функции, притоа обезбедувајќи извидување, огнена поддршка, ескорт, оклоп за напредување и повлекување и поддршка во рамките на внатрешните безбедносни улоги како возило за безбедност и осигурување. Целосно стабилизираната купола „HITFIST“ е испорачана од страна на италијанската компанија „Oto Melara“, и истата е опремена со топ 30 мм и двоен ракетен систем TOW (Tube-launched, Optically tracked, Wire-guided), обезбедувајќи можност за гаѓање во движење. Возилото има способност за онеспособување на тенк и топот може да совлада лесни оклопни возила (LAV) опремени со највисоки нивоа на балистичка заштита.

„Stormer 30“ може да се транспортира со хеликоптер „CH-53“ и со транспортен авион „C-130“. По копнен пат може да се пренесува  со комерцијален камион – влечен воз, преку железнички транспорт со воз или по воден пат со транспортни бродови.

**Вооружување на лесниот тенк „Стормер 30“**

Главното вооружување на „Stormer 30“ е автоматскиот топ од 30 милиметри ATK Muniition Systems (поранешен Boeing Ordnance) Bushmaster II. Топот и куполата можат да се движат хоризонтално 360°, а елевацијата е од -45° до +60°. Брзината на гаѓање на топот е од еден истрел до максимални 200 куршуми во една минута. Топот има систем за напојување на муниција со двојна селекција со 180 куршуми спремни за испукување.

Лесниот тенк „Stormer 30“  е опремен со два митралези за општа намена

од 7,62 мм со дострел од 400 метри. Митралезите коаксијално поставени со главното вооружување имаат по 700 куршуми спремни за гаѓање.
Два повеќецевни фрлачи на гранати инсталирани на предната страна на куполата обезбедуваат покривање од 180° над предниот лак. Лансерите на димни гранати (вкупно 8 – две банки по 4 лансери) работат на електричното напојување од 24 V и се вооружени со вкупно осум димни гранати.
Инсталирањето на ракетниот фрлач TOW од двете страни на куполата на лесниот тенк „Stormer 30“ е опционално, според побарувањата на купувачите. Траверсот на ракетниот фрлач е континуирано напречен 360° на куполата и опсегот на елевација е -7,5° до +30°.
Ракетата TOW е произведена од компанијата „Raytheon Missile Systems“ и во ОК е произведена под лиценца од MBDA (поранешен Matra BAe Dynamics). Верзиите на проектилот се развиени со високо експлозивно полнење со пречник од 6 инчи, а исто така и со боева глава во облик на тандем дизајнирана за подобрена пенетрација на трупот. Борбениот комплет е 4 проектили, од кои два проектили се носат во цевките за лансирање и два резервни проектили се носат во возилото.

**Самозаштита на лесниот тенк „Стормер 30“**
„Stormer 30“ е произведен со оклопен алуминиумски труп со распореден челичен оклоп со висока цврстина и „spall liner“ постава (направена од гумиран арамид, полиетилен со високи перформанси или фиберглас, поставата е монтирана на внатрешната страна на возилото и е дизајнирана да запира проектили), со тоа се обезбедува заштита од тешки митралези од 14,5 mm, мини и шрапнели од артилериски гранати.

**Контрола на огнот и надзор**
Системите за нишанење и визија се поставени во согласност со барањата на мисијата на земјата на клиентот.
Станицата на командирот на возилото е опремена со опционален панорамски нишан и шест уреди за гледање (визија) опремени со прекинувач за порамнување на топот и системите за гледање.
Станицата на нишанџијата е опремена со дневен и ноќен нишан.

**Мотор и мобилност на лесниот тенк „Стормер 30“**
Лесниот тенк „Stormer 30“ е придвижуван од 5,88 литри, шестцилиндричен мотор 6B-275 Cummins, кој обезбедува 187 kW при 2.600 вртежи во минута.
Системот за трансмисија е автоматскиот преносен систем Т303 со вкрстен погон. Возилото има максимална брзина од 80 км на час на рамен асфалтен пат во двете насоки и напред и назад. Возилото забрзува од 0 до 50 километри на час за 20 секунди и од 50 до 65 километри на час за 20 секунди. Длабочината на совладување на водени препреки е 1 метар. Максималниот градиент за запирање и одново придвижување (рестартирање) е 60%. „Stormer 30“ е опремен со суспензија од типот на торзиона шипка со шест двојни гумени тркала. Погонскиот запчаник е обезбеден на предниот дел, а помошниот запчаник, наречен мрзливец на задниот крај. Првата, втората и шестата станица на патните тркала се опремени со ротирачки амортизери контролирани со лост. Двете повратни тркала (ролери) и горната страна на патеката (гасениците) се обвиткани со лесен челичен капак за да



| Останатите спецификации на борбеното возило „Stormer 30“ се: | |
|---|---|
| **Тип на возило** | оклопно извидувачко возило/лесен тенк |
| **Производител** | BAE Systems Land Systems |
| **Должина** | 5,27 метри |
| **Широчина** | 2,4 метри |
| **Висина** | 2,27 метри |
| **Тежина** | 12,7 тони |
| **Мотор** | 6B-275 six-cylinder diesel Cummins |
| **Трансмисија** | David Brown TN15D |
| **Посада** | 3+8 |
| **Вооружување** | автоматски топ Bushmaster II 30mm и 2 x Multi-barrel grenade launchers |
| **Автономија на опсег** | 650 км |
| **Максимална брзина на пат** | 80 км/ч |
| **Совладување на наклон** | 60% |
| **Совладување на страничен наклон** | 40% |
| **Совладување на вертикални пречки** | 0,6 метри |
| **Совладување на ров** | 2 метри |
| **Совладување на вертикална препрека** | 0,8 м |
| **Совладување на ров** | 2 м |



се намали прашината при движењето. Надворешните димензии на возилото вклучуваат должина од 5,27 метри, висина од 2,27 метри и ширина од 2,4 метри. Борбената тежина на возилото е 12,7 тони.
Лесниот тенк е дизајниран да обезбеди огнена поддршка и транспорт за моторизирани пешадиски состави за време на борбени мисии и на боиштата. Возилото може да се прилагоди за да биде соодветно за распоредување во различни операции. Достапно е во различни варијанти.

**Варијанти**
Како и кај повеќето модерни оклопни борбени возила, „Stormer“ може да се произведува во неколку различни конфигурации за различни улоги на бојното поле. Компанијата „BAE Systems“ го продава како достапен во конфигурации како што се возило со купола за две лица вооружена со топ од 25 мм, возило за противвоздушна одбрана (со топ или лансер на проектили), инженериско возило, возило за извлекување, медицинско оклопно возило, носач за минофрлачи од 120 мм или 81 мм, командно-контролно возило, возило лансирен мост и логистичко возило. Опционалната опрема вклучува систем за нуклеарно-биолошко-хемиска заштита, амфибиски комплет, опрема за пасивно ноќно гледање и систем за климатизација.
И покрај тоа што се произведени во последната декада од минатиот век, со вкупна бројка од над 220 произведени возила во различни варијанти, овие оклопни возила сè уште се во употреба во следните земји: во Обединетото Кралство, Индонезија, Малезија и Кралската армија на Оман.
Во 2003 година ОК распореди возила „Stormer HVMs“ во операциите во Ирак. Но истите не учествуваа во борбени дејствија. Во јули 2022 година, ОК со цел одбрана на Украина од руската агресија донираше 6 системи од овие возила во варијанта за против воздушна одбрана. Според информациите од отворени извори, поради нивната докажаност во борбата со дронови и беспилотни летала, овие возила се честа мета на напади од страна на руските сили.

Идриз Идризоски

# Борбено беспилотно летало „Anka-3“

На 18.03.2023 год. компанијата „Turkish Aircraft Industries“ го претстави прототипот на новото борбено беспилотно летало на млазен погон „Anka-3“. Новото беспилотно летало ќе поседува стелт карактеристики со конструкциски облик на летачко крило без вертикални



управувачки површини (по примерот на коцепт леталата X-45C и nEURon). Според најавите на прозводителот, леталото ќе биде наменето за изведување на борбени, разузнавачки, извидувачки и надзорни мисии. Воедно, практично ќе треба да поседува можност за електронско војување и дејство длабоко во непријателската заднина и можност за дејство врз непријателската ПВО. Се предвидува дека леталото ќе биде опремено со еден млазен мотор АЛ-322. Според дадените во јавност информации од производителот, леталото ќе поседува тежина од 6500 кг и корисна носивост од 1200 кг боев товар. Максималната брзина на леталото би требала да изнесува 780 km/h, додека крстосувачката брзина 460 km/h. Плафонот на летање ќе му изнесува 12.000 метри, а на височина од 9000 до 10 000 метри (при крстосувачка брзина) леталото би требало во воздух да остане 10 часа.
За управување со леталото ќе се користи веќе докажаната сателитска контрола LOS/BLOS. Инаку се предвидува дека леталото ќе поседува внатрешни и надворешни носачи за оружје. Од производителот се најавува употреба на „Anka-3“ во комбинација со идниот повеќенаменски стелт борбен авион TF-X, но и со новиот лесен борбен авион „Hurjet“, кои се исти така производ на компанијата „Turkish Aircraft Industries“.

Ивица Дамески






# „Douglas A-20 Havoc“

Втората светска војна го одбележала и почетокот на размислувањето за поинакво и напредно користење на воените воздухоплови. Воената филозофија почнала да се развива во поглед на развивање на нови тактики, стратегии, а со тоа и концепти на потребни борбени средства

Пред Втората светска војна појавата на терминот „тактички бомбардер“ не била вообичаена ниту пак позната зона во одбранбените и воените кругови на нациите. Со развојот на различните начини за поинаква и мобилна употреба на копнената војска, се развивале и нови борбени концепти за употреба на воздухопловната борбена авијација. Токму во тој период, се појавува концептот на „тактички бомбардер“ чија функција се темелела врз блиска поддршка на пешадијата и копнените сили. Просто кажано, концептот на тактички бомбардер подразбирало воздухоплов кој имал помалку маневрирачки способности, но повеќе способности за носивост на проектили и експлозивен товар наменет против копнени цели од ловец. Истовремено, тактичкиот бомбардер бил помал, но со поголема подвижност од класичните бомбардери кои пак, имале значително поголема способност за носивост на проектили и експлозивен товар. Тие исто така се разликувале во начинот на употреба. Како еден од пионерите на концептот „тактички бомбардер“ бил воздухопловот во рамките на воздухопловството на САД, „Douglas A-20 Havoc“. Тој бил меѓу првите успешни тактички бомбардери чија примена овозможила голема предност на сојузничките напори во одбивање на германскиот окупатор во првата половина од Втората светска војна. Авионот бил исклучително и активно употребуван на сите фронтови во војната.

**Дизајн**

Во март 1936 година, дизајнерскиот тим на компанијата „McDonnell Douglas“ на чело со Доналд Даглас, Џек Нортроп и Ед Хајнеман изработиле концепт-предлог на извидувачки бомбардер кој бил придвижуван од два мотори „Pratt & Whitney R-985 Wasp Junior“ со по девет цилиндри, способни да развијат 900 коњски сили. Било замислено, моторите да бидат лоцирани под крилата на авионот, кои пак биле дизајнирани високо на воздушната конструкција на воздухопловот, правејќи го „висококрилец“. Според првичниот дизајн на авионот, се проценувало дека неговата максимална брзина би изнесувала околу 400 километри на час, додека неговата способност за носивост на бомби, била проценета нешто над 300 кг. Покрај иницијалниот ентузијазам на дизајнерскиот тим, проектот бил до некаде очекувано откажан. Наведените карактеристики, не ги задоволувале тогашните потреби на раководството на Военото воздухопловсто на САД. Раководството на Военото воздухопловство на САД сметало дека замислениот дизајн на воздухопловот и

максималните очекувања од неговите способности биле недоволни за нивните потреби. Меѓутоа, дизајнерскиот тим не ги уништил целосно нацртите на проектот. Со стекнатото искуство од анализирање на Шпанската граѓанска војна, а и очигледниот раст и развој на воената моќ на Германија, воздухопловниот корпус на армијата на САД работел на развој на нов пристап за употреба на воздухоплов кој ќе има способност да извршува оперативни борбени дејства исклучително за поддршка на копнените единици. Тоа довело, раководството на воеността воздухопловство на САД да развие потребни спецификации за производство на тактички бомбардер. Во 1937 година, истиот дизајнерски тим, само овој пат предводен од Ед Хајнеман го развиле нацртот на авионот „Model 7B" базиран врз првиот концепт на нацрт кој бил зачуван од страна на дизајнерскиот тип. Овој модел, бил придвижуван од два мотори „Pratt & Whitney R-1830-S3C3-G Twin Wasp" со 14 цилиндри кој имале способност да развијат 1100 коњски сили. Дизајнот исто така предвидувал драстично зголемување на способноста за максимална носивост. „Model 7B" бил замислен со способонст за максималана носивост од нешто над 900 килограми. Дизајнот бил одобрен за изградба на прототип кој го имал првиот лет на 26 октомври 1938 година. Иако првичните резултати биле успешни, авионот имал големи проблеми во случај на откажување на едниот мотор. Раководството на Военото воздухопловство на САД било скептично за воведување на прототипот во сериско производство. Но затоа, по неминовната опасност од Германска инвазија, во 1939 година, Франција извршила нарачка на 185 примероци од воздухопловот. Овој потег бил дополнителна мотивација на дизајнерскиот тим да изврши уште една ревизија со цел да ги унапреди карактеристиките на прототипот. Ревизијата на авионот, ги релоцирала крилата на авинот во пониска зона на воздушната конструкција, притоа задржувајќи ја етикетата на „високо-крилец". Централната воздушна конструкција била стеснета но продлабочена во висинска или длабочинска перспектива. Севкупните промени овозможувале, три члена посада составена од пилот, оператор за бомбардирање и оператор на митралези за самоодбрана. Вооружувањето за самоодбрана на авонот се состоело од два француски митралези „MAC" со калибар оф 7,5 милиметри, лоцирани во купола која била управувана од оператотот на митралези и лоцирнана во задниот дел од воздушната конструкција, зад пилотската кабина. Главното вооружување на авионот



| Главни карактеристики на „Douglas A-20 Havoc" | |
|---|---|
| **Посада** | 3 |
| **Должина** | 14,63 метри |
| **Распон на крила** | 18,68 метри |
| **Висина** | 5,52 метри |
| **Мотор** | Два мотори „Wright R-2600-23" со 14 цилиндри, способни да развијат 1600 коњски сили. Моторот имал воздушно ладење. |
| **Максимална брзина** | 523 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 1521 километар |
| **Максимална височина на летање** | 7200 метри |
| **Вооружување** | Шест митралези „M2 Browning" со калибар од 12,7 милиметри, лоцирани во носниот дел на воздушната конструкција; Два митралези „M2 Browning" со калибар од 12,7 милиметри, лоцирани во купола на возушната конструкција позади пилотската кабина; Еден митралез „M2 Browning" со клибар од 12,7 милиметри лоциран позади отворот за бомби; Способност за носивост од 12 ракетни проектили со калибар од 114 милиметри, и 1800 килограми на бомби. |

се состоело од четири француски митралези „MAC" со калибар од 7,5 милиметри лоцирани во носниот дел од централната воздушна конструкција. Како таков, авионот го добил името „DB-7". По демонстративните карактеристики на „DB-7", раководството на Военото воздухопловство на САД забележало дека ревидираниот дизајн ги задоволувал иницијалните потреби на нивните барања за тактички бомбардер. Имено, Военото воздухопловство на САД извршило нарачка од 186 воздухоплво, но под услов тие да добијат дополнителни клучни модификации. Овие модификации подразбирале авионот да добие нов сет на мотори. Како таков, тој бил придвижуван два мотори by „Wright R-2600 Twin Cyclone" назначени како варијанта „A-20" и варијанта „A-20A". Разликата била во способноста на развивање на коњски сили. Воздухопловот именуван „A-20" имал мотори „Wright R-2600-7" способни да развијат 1700 коњски сили, додека воздухопловот именуван „A-20A" имал




мотори „Wright R-2600-3“ способни да развијат 1600 коњски сили. Двата различни сета на мотори биле со турбо, односно со вграден компресор кој ја овозможувал наведената моќ. Располагањето со дополнителна моќ, предвидувало и модификации на воздушната конструкција. Имено, авионот добил нов, повисок опаш, подолга централна воздушна констукција во пределот на носот и поголема способност за носивост на гориво. Како таков, „Douglas A-20 Havoc“ влегол во сериско производство во рамките на воздухопловниот корпус на армијата на САД. Согласно извештаите од пилотите кои прв пат забележале лет во авионот, тој бил најдобриот пријател на пилотот. Авионот бил екстремно приспособлив, немал никакви маани, и бил едноставен за полетување и слетување. Неговите лесни контроли за управување, овозможувале некогаш и летачки способности слични на ловец, што било голема предност во борбените дејства. Сериското производство на авионот завршило во втората половина од 1944 година, со произведени 7478 примероци. Оваа бројка говори дека авионот бил неприкосновен низ целата војна, и баран од скоро секоја нација во рамките на сојузот.

**Варијанти**

„Douglas A-20 Havoc“ бил произведен во многу варијанти и во служба на многу различни терени, согласно високиот број на различни нации кои го користеле. Подолу, ќе наведеме варијанти кои биле најупотребувани и остварлие најголем ефект на военото поле.

**„Douglas A-20 Havoc“**

Оваа варијанта била наменета за ивршување на борбени дејства со летање на средни висини. Иницијално, оваа варијанта била опремена со „Wright R-2600-7“, но поради крупната големина на моторите и високиот степен на работа, моторите имале значителни проблеми со ладењето. Решенитето било во вградување на мотори кои произедувале 100 коњски сили помалку, притоа задрќувајќи ја намената за извршување на борбени дејства на средни висини. Такви биле моторите „Wright R-2600-11“ и „Wright R-2600-3“.

**„Douglas A-20A Havoc“**

Повеќето произведени воздухоплови во оваа варијанта биле опремени со мотори „Wright R-2600-3“ и биле едни од најпосакуваните варијанти од страна на пилотите. Причините лежеле во едноставните управувачки карактеристики кои биле производ од комбинацијата на воздушната конструкција и совршената моќност која моторите ја произведувале.

**„Douglas A-20Г Havoc“**

Производството на оваа варијанта започнало во февруари 1043 година, и била најпоризведувана. Во носниот дел на централанта воздушна конструкција, воздухопловот бил модифициран со цел зголемена моќ на вооружувањето. Тоа се состоело од четири топа „Hispano“ со калибар од 20 милиметри и два митралези „M2 Browning“ со калибар од 12,7 милиметри. Оваа модиикација била способна за теренска промена. Тоа значело дека авионот исто така бил произведен со шест митралези „M2 Browning“ со калибар од 12,7 милиметри, наместо четирите топа. Исто така, придвижувањето на авионот било со помош на нови и современи мотори, односно два „Wright R2600-23“/

Димитар Даневски






# Минофрлачки систем „2R2M“, 120мм

Генерално, минофрлачите се наменети за дејство на жива сила и огнени средства, а особено на испресечено и планинско земјиште, кога целите се наоѓаат на задниот нагиб, за отворање премини преку жичани пречки и рушење на лесни фортификациски објекти. Уфрлувачката патека и малиот простор кој го зазема на огнената позиција, дозволува минофрлачот да биде сместен во заклони во кои непријателот не може лесно да го уништи. Со употреба на соодветни мини се врши осветлување и зачадување на бојното поле. За да се зголеми подвижноста и брзината на поседнување на огнени позиции и во исто време да се заштити послугата на орудијата, во последните десет години активно се работи на развој на минофрлачи кои ќе бидат монтирани на возило, односно соодветна платформа, и огнените задачи ќе ги извршуваат без дополнителна потреба од манипулации со орудието во насока на вкопување, изработка на заклони и слично. Системот се произведува во TDA

Минофрлачкиот систем „2R2M“ (Rifled Recoiled Mounted Mortar) во основа е модернизирана верзија на минофрлачот „RTF1“, 120 мм (кратенка од француски: Rayé Tracté Modèle F1) кој е монтиран на мултинаменско возило од типот „Грифон“ 6x6 (Griffon 6x6). Системот има минофрлач со нажлебена цевка со калибар 120 мм, противповлекувачки уред и истиот е монтиран на возило што практично ја отсликува усвоената кратенка за моделот „2R2M“

Armements (денес THALES) во Р.Франција, компанија која има долго и богато искуство во производството на минофрлачи. За компарација, само до денес компанијата произвела и испорачала повеќе од 1600 минофрлачи (влечна верзија), 3 милиони парчиња на муниција ширум светот, а минофрлачите се во оперативна употреба на армиите на 26 земји. Самоодниот систем „2R2M“, според информации од отворени извори на компанијата THALES треба да влезе во оперативна употреба во текот на 2024 година.

Системот е интегриран на купола која е опремена со систем за автоматско насочување на цевката по правец и елевација, автоматски начин на полнење, противповлекувачки уред и систем за контрола на огнот.
Слични верзии се дел од вооружувањето на повеќе земји. Овој систем има интересна препознатливост по тоа што цевката на минофрлачот од внатрешна страна е нажлебена со 40 жлебови што само по себе претставува реткост кај минофрлачите. Минофрлачот RTF1 има брз режим на



стрелба  од 18 мини за една минута (за времетраење од 2 минути) но истиот во никој случај не треба да се надмине поради можност од пукање на цевката затоа што при максималното оптеретување температурата на цевката е 350 степени.

**Муниција:**
Минофрлачот „RTF1“, 120мм користи едноделни мини 20мм. Мината претставува склоп на елементи кои со помош на барутното полнење се исфрла од цевката заради постигнување на ефект на целта. Комплетната мина се состои од: кошулка на мината со стабилизатор и експлозивно полнење; запалка; основни и дополнителни барутни полнења.

Славчо Кузмановски



| ТАКТИЧКО – ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИНОФРЛАЧ RTF1 – 120 мм | |
|---|---|
| **Калибар на цевката** | 120 mm |
| **Начин на полнење** | Рачно |
| **Дострел** | 6,5 km (со мина OE 120 мм M44)<br>8.2 km (со мина OE 120 мм F1 - OX 120 мм F1)<br>12,8 km (со мина OE 120 мм F2) |
| **Тежина** | 653 kg |
| **Должина** | 3,10 m |
| **Ширина** | 1,94 m |
| **Висина** | 1,30 m |
| **Послуга** | 6 (1 командир и 5 послужители) |
| **Клиренс** | 0,25 m |
| **Хоризонтално поле на дејство** | 360 иљадити<br>(при вертикален агол од 800 иљадити) |
| | 620 иљадити<br>(при вертикален агол од 1200 иљадити) |
| **Вертикално поле на дејство** | од 800 до 1500 иљадити со мина OE 120 мм M44 |
| | од 700 до 1200 иљадити со мина OE 120 мм F1 |
| **Режим на стрелба** | Бавен: 4 мини за една минута<br>(за времетраење од 10 минути) |
| | Нормален: 10 мини за една минута<br>(за времетраење од 4 минути) |
| | Брз: 18 мини за една минута<br>(за времетраење од 2 минути) |
| | Обука: 2 мини за една минута<br>(без ограничување на времето) |
| **Тип на нишанска направа** | GP1 M 120 |
| **Затворач** | Фиксен, прицврстен на цевката |
| **Должина на цевката** | 1,75 m |



# Нов систем на вештачка интелигенција во израелската војска

Во израелската војска започна да се распоредува нов систем за вештачка интелигенција (AI) со цел да се поддржат голем број борбени операции. Новиот систем наводно, се користи за избор на цели за воздушни напади и создавање акциони планови за само неколку минути. Иако во извештајот кој го дала израелската војска не се споменуваат конкретни операции, Ерусалим се занимава со ескалација на тензиите со палестинските милитанти, Либан и Иран. Според израелските официјални претставници, војската сега користи нов систем, кој е поддржан со вештачката интелигенција, за да ги сортира огромните количини на податоци со цел побрзо и подобро да се идентификуваат целите. Исто така, користи податоци од други системи за да се пресмета товарот на муницијата, да се доставаат податоци за илјадници цели за пријателски авиони и беспилотни летала и за истите се предлага распоред.

И покрај тоа што има автономни карактеристики, системот сѐ уште е надгледуван од страна на човечките оператори кои ги одобруваат индивидуални цели и планови. Програмерите тврдат дека напредните алгоритми на новиот систем можат да ги надминат човечките способности и наскоро да ѝ помогнат на војската да ги минимизира жртвите на бојното поле.

Изворите кои ја најавија оваа новина, потврдуваат дека системот на вештачка интелигенција не е предмет на меѓународна или државна регулатива, што ја поттикнува загриженоста меѓу воените експерти за потенцијалните последици од потпирањето во голема мера на автономните системи.

„Доколку има грешка во пресметката на вештачката интелигенција, и ако сето тоа не е објасниво, тогаш кого ќе обвиниме за грешката?“ изјавил професорот Тал Мимран од Хебрејскиот универзитет во Ерусалим.

Инаку, оваа година генералниот директор на израелското Министерство за одбрана изјави дека земјата сака да ја зајакне својата технолошка сила и да стане суперсила на вештачката интелигенција. Голем е бројот на оние кои гледаат на вештачката интелигенција како на следната револуција во промените во војувањето на военото поле. Ерусалим веќе го започна процесот со откривање на автономна подморница за разузнавање која, наводно, веќе извршила „илјадници часови“ операција.

м-р Зорица Стојкова

# Традиционален Илинденски марш

На 2 Август, Илинден, во рамките на долгорочните програмски определби на Организацијата на резервни офицери за негување на слободарските традиции од подалечното и поблиското историско минато, а по повод: 120 години од Смилевскиот конгрес; 120 години од Илинденското востание; 79 години од Првото заседание на АСНОМ и 81 година од првата борбена акција на Битолско-преспанскиот партизански одред „Даме Груев“- ослободување на Смилево, Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија од Демир Хисар го организираше традиционалниот марш „По врвиците на илинденците”.
Маршот се реализираше на релација: манастир „Св. Јован Крстител “Претеча” - манастир „Св. Илија“ во с. Лесково



- манастир „Св. Петар и Павле“ во с.Смилево - Меморијален комплекс (сполен-парк над село Смилево) во чест на Даме Груев.
На овој марш во должина од 18 километри по исклучително тежок терен, кој изискува поголеми психофизички напори, учествуваа и претставници од ООЕ на ОРОРСМ од Кичево и од Битола. Значајно е да се истакне дека, делегација на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар предводена од претседателот Валентина Талевска, положи свежо цвеќе пред спомен-костурницата на Даме Груев и спомен-плочата посветена на АСНОМ и НОБ во с. Смилево, како и пред споменикот на Даме Груев во Меморијалниот комплекс (спомен-паркот), каде свежо цвеќе положија и учесниците на традиционалниот марш.
За организирањето на илинденскиот марш, градоначалникот на Демир Хисар, Никола Најдовски, во знак на благодарност за придонесот во одбележувањето на оваа културната манифестација посветена на четири големи историски настани, на Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија од Демир Хисар ѝ додели благодарница.

# Оддадена почит на загинатите бранители кај Карпалак

На 8 август, по повод 22 години од најкрвавиот масакр во поновата македонска историја во вооружените дејства во 2001 година, во кој загинаа 10 македонски бранители кај месноста Карпалак, сите припадници на единицата од резервниот состав на Армијата од Прилеп, делегација на Општинската организациона единица на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија од Прилеп, предводена од претседателот Сашо Димовски, положи свежи цвеќиња пред спомен-обележјата подигнати во нивна чест.
Во чест на десеттемина убиени бранители во заседата кај Карпалак, Сашо Китаноски, Нане Наумоски, Веби Рушитоски, Бранко Секулоски, Марко Деспотоски, Горан Миноски, Љубе Грујоски, Ердован Шабаноски, Пеце Секулоски и Дарко Вељаноски, свежо цвеќе беше положено пред: спомен-плочата поставена на местото на нивното загинување на Карпалак, спомен-обележјата во центарот на Прилеп и касарната „Мирче Ацев”, како и пред нивните вечни почивалишта.



# Почит за загинатите кај Љуботенски Бачила

На 10 август, по повод 22 години од загинувањето на осумтемина македонски бранители кај Љуботенски Бачила, кога нивното возило тој кобен 10 август 2001 година нагази на две противтенковски мини, делегации на ОРОРСМ положија свежо цвеќе пред нивните спомен-обележја во село Љубанци и во касарната „Илинден“ во Скопје. При положувањето на цвеќе пред споменикот во село Љубанци делегацијата беше предводена од претседателот на Градската организациона единица на ОРОРСМ од Скопје Душко Насковски, додека генералниот секретар Никица Бангиева ја предводеше делегацијата која во знак на почит кон осумтемина загинати бранители Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Томе Бадаревски, Ивица Златевски, Томе Димовски, Марјанчо Бошковски и Раде Јанковски, положи свежо цвеќе пред споменикот во касарната „Илинден“.
Почит кон загинатите бранители со положување на свежо цвеќе беше оддадена и од високи државни делегации, од Министерството за



одбрана и Армијата, семејствата на загинатите бранители, локалната самоуправа и неколку здруженија на граѓани од областа на одбраната и безбедноста.




# 100 години аероклуб во Скопје (1)

На 16. 9. 2023 г. аероклубот од Скопје, со спектакуларни манифестации на аеродромот Стенковец, ќе ја одбележи 100-годишнината од неговото основање и непрекината активност. Со него бил трасиран патот на македонското цивилно воздухопловство, но и патот кон создавањето на воздухопловни кадри за потребите на воената и цивилната авијација.

Завршетокот на Балканските и Првата светска војна, на овие простори донел своевиден мирновременски период, во кој требало да се поправи она што било разурнато и уништено. Тоа бил и период на насочување кон нов технолошки развој и унапредување. Секако, било и секојдневие во кое воените ветерани ги споделувале претходните искуства, со единствена цел да се трасира и да се насочува развојниот и одбранбениот систем на тогашната држава.

Во комплексот аналитички активности биле приклучени и демобилизирани резервни авијатичари, главно учесници на Солунскиот фронт. Тие, во текот на 1922 г., во Белград ја реализирале идејата за формирање на аероклуб на Кралство СХС. Според првичната поставеност, во него можеле да членуваат само резервни и активни авијатичари. Нивната активност опфаќала размена на лични искуства од претходните војни и насочување на државата кон побрз авијациски развој, со посебен акцент насочен кон цивилна, односно граѓанска авијација и индустрија, која би била основа и за унапредување на воената авијација. Кон крајот на 1923 г., по истиот принцип е формиран и Местен одбор (МО) на Аероклубот во Скопје. Во овој период веќе биле создадени можности во него да членуваат и цивилни лица. Во составот на првиот МО на скопскиот аероклуб биле Миодраг Стојановиќ, Јован Поповиќ, Обрен Шобајиќ и Драги Вукмановиќ. Овој скопски клуб претставувал еден вид разгранок на централниот аероклуб во Белград. Набргу потоа тој добил и улога на Областен одбор (ОО) – Скопје, задолжен за јужниот дел на Кралството СХС, тогаш именуван како Јужна Србија, Вардарска Бановина или Вардарска Македонија. Меѓу основачите на скопскиот ОО на аероклубот биле: мајор Драгутин Мишиќ, резервен поручник пилот, инж. Орестие Крстиќ, поручник Јероним Новак, капетан Мате Лобарда, авиоинженер и пилот Драгош Адамовиќ,

пилот Фердо Градишник, капетан Мате Шварц, инж. Миодраг Стојановиќ, Јован Поповиќ, Обрен Шобајиќ, Драги Вукмановиќ и други, кои всушност, биле основачи и на белградскиот аероклуб. Од нив, Орестие Крстиќ и Драгош Адамовиќ биле директно испратени од Централниот, односно Средишниот одбор на аероклубот од Белград, како делегати – иницијатори за формирање на Обласниот одбор во Скопје. Инаку, пилотот и инженер, Орестие Крстиќ, бил роден во Александрово, за потоа, по завршувањето на основното училиште да продолжи да се школува во гимназија во Скопје. После Првата светска војна и завршување на факултетското образование, тој работел во сферата на шумарство, прво во Тетово, а потоа во Скопје. Покрај во скопскиот аероклуб, неговото име се наоѓа и меѓу основачите на првите планинарски и туристички друштва на македонската територија. Повеќе години бил претседател на Туристичкото планинарското друштво „Југ“ од Скопје, а бил и градоначалник на Тетово.

Во кус период, скопскиот аероклуб забележал видлив напредок, а добил особено значење со купувањето на првиот клупски аероплан. Истиот бил од типот „Кодрон Ц.27“, кој всушност, бил прв цивилен авион во тогашната држава. Истиот бил од француско производство, а негов прв пилот бил Михајло Јарошенко, емигрант од тогашното Руско Царство. Јарошенко бил испратен од страна на Централниот аероклупски одбор во Белград. Задачите на пилотот и самиот авион биле сведени на пропагандни летови, во интерес на омасовување на аероклупското членство. Преку нив се селектирале и кадри за тогашното Кралско воено воздухопловство. Во таа насока, посебно значајни биле и летовите за поширокото население, на кои тие имале можност да се вивнат во височините. Истите се изведувале на јавни манифестации, а биле именувани како „воздушни крштевања“. На нив, со платен билет поединци можеле да „летаат“ над сопственото населено место и околината. Базно седиште на авионот бил аеродромот на Зајчев Рид, крај Скопје, но честопати престојувал и на тогашниот нов воено-цивилен аеродром во скопска Јурија (денес населбата Аеродром). Билетот за еден лет чинел 30 динари, а собраните средства се користеле за унапредување на клупските активности. Аеропланот летал до крајот на 1927 г., кога доживеал кракса (несреќа) при која е уништен. Со уништување на првиот аероплан, времено замреле и аероклупските активности. Тоа одело и на штета на унапредувањето на Кралската авијација. Од тие причини, со државна



или поточно воена помош, кон крајот на 1932 г., скопскиот аероклуб се возобновил и започнал нов напредок. Притоа, со два аероплана од типот „Среден Брандербург“, добиени од воената авијација, се формирала и првата Аероклупска аеропланска школа. Инструктори на овие авиони биле пилоти од воената авијација. За жал, со текот на годините и обуките, обата споменати авиони се уништени. Со првиот аероплан е однесена и првата жртва на студент од Белград. Краксата, односно несреќата се случила на неговиот завршен испитен лет. Вториот авион бил уништен на рутински лет.

Во текот на 1936 г., скопскиот аероклуб, чие тогашно име било: Југословенски кралски аероклуб „Нашите крила“ – Скопје, почнал да развива и иманентно македонско безмоторно летање со планери (едрилици) и изградба на аеропланcки модели. Носител и втемелувач на ваквите активности



бил Љубомир Тевчев од Скопје, како и Душко Крстевски од Битола, кој бил насочен само кон моделарските активности. Со нивното ангажирање, а со огромна помош од резервниот капетан пилот и професор Вилковски, се анимирани голем број аероклупски членови. Веќе во тој период, дел од клупските членови се определиле за понатамошен професионален ангажман во Кралската воена авијација. Тоа, од своја страна, ја зацврстувало и продлабочувало врската меѓу аероклубот и Военото воздухопловство, а со тоа се зацврстувала и неговата позиција во државата. Во настанатата корелација, растежот на аероклубот бил несопирлив. Од една страна започнала масовната изработка на аеропланскi модели, од друга страна се реализирала интензивна изработка на планери – едрилици, а продолжила и инцидентна обука на нови пилоти на авиони.

Проф. Вилковски од Првата машка гимназија во Скопје, покрај популарните авијатичарски предавања, често ги носел своите ученици и на воениот дел од скопскиот аеродром.

Во меѓувреме биле изработени и првите планери, кои со запрежни коли биле пренесувани до падините на аеродромот на Зајчев Рид, каде што со нив биле правени првите летови или поточно речено „скокови“ со траење од неколку секунди. Носител на градбата на аеропланските модели, но и на градбата на планерите – едрилици бил Љубомир Тевчев, којшто со право го понесе епитетот за основоположник на иманентното македонско цивилно воздухопловство. Оттука, развојот на аероклубот во Скопје, бележи свој особен небесен аеропат по кој се одвива долга и непрекината воздухопловно-историска приказна.

Ѓорги Чачкиров



# Воениот музеј во Калгари

Воениот музеј во Калгари е основан како институција која ќе едуцира, ќе истражува и ќе го чува наследството, традициите и историјата на единиците и родовите во канадските вооружени сили. Музејот е основан како здружување-соединување на поранешните полковски-регимeнтни музеи, Морнаричкиот музеј на Алберта и Музејот на авијацијата. Отворањето на музејот е реализирано на 3 јуни 2006 година. Музејот е сместен во поранешната воена база на канадските вооружени сили во југозападниот дел на градот Калгари во провинцијата Алберта. Во просек, музејот бележи по 60 000 посетители годишно, а воедно музејот е домаќин и на стотина настани од културен аспект. Своите експонати музејот ги има поставено на површина од 9500 м2. Пред да влезете во самиот музеј, во надворешниот дел, т.е. во дворот на музејот е распоредена надворешната поставка која е составена од неколку оклопни возила и еден авион. Авионот кој е изложен во надворешната поставка е F-5 „Freedom fighter“. Оклопните возила се од различно потекло, но на некој начин се поврзани со историјата на канадските вооружени сили. Возила кои се изложени во надворешниот дел се: тенковите „Centurion“, М4-„Sherman“, „Churchill Crocodile“, опремен со фрлач на пламен,

> Кога зборуваме за воени музеи кои ги има во Канада, треба да знаеме дека ги има повеќе на број, поточно околу дваесетина. Повеќето од нив се тематски, родовски или поврзани со настан, но Воениот музеј во Калгари е збир на повеќе помали музејски збирки ставени под еден покрив и на една локација. Овој музеј опфаќа осум сегменти, и тоа: дел посветен на авијацијата, дел посветен на морнарицата, дел за копнените сили, дел посветен на Студената војна, како и четири одделни делови за историскиот развој на четири единици-полкови. Музејскиот комплекс е втор по големина воен музеј во Канада

руските „Т-34/76“ и „Т-72“, оклопните возила „М113“ во неколку различни варијанти, извидувачкото возило „Lynx“, „Ferret“, „AVGP Cougar“. Во склоп на надворешната поставка има и неколку споменици посветени на основачите на канадските вооружени сили и клучни настани од воената историја на државата, но има и дел кој е посветен на настаните од 11 септември во САД.

Влезот во главната зграда на музејот ве носи преку мост под кој се наоѓа првата поставка во која низ четири диорами е прикажан периодот од есента 1944 година т.е дел од Втората светска војна од операциите во Италија и во Франција каде што учествувале канадските војници. Диорамите прикажуваат тенк „М4“ во меѓусебна поддршка со пешадиски единици, извиднички тим, медицински тим и инженериски тим. Следна е галеријата посветена на „Кралските Канаѓани“ т.е. единствената оклопна единица која има учествувано во сите конфликти каде што има учествувано Канада. Галеријата е исполнета со неколку диорами. Првата е посветена на самиот основач на единицата, сер Доналд Александер Смит. Втората диорама прикажува сегмент од првите регрутации за оваа единици која најчесто ја сочинувале каубојци и истражувачи. Другите дирами во оваа галерија се посветени на херојските дела кои ги имаат направено припадниците на оваа единица во Првата светска војна, за што се наградени со највисоки одличја, учеството на оваа единица во мировните



мисии во Авганистан и мисиите водени од Обединетите нации. Во централниот дел на музејот – холот е поставен атриум посветен на кралицата Елизабета II и во овој дел се наоѓа и самиот театар. Следниот изложбен простор е посветен на уште една единица, а тоа е Кралскиот калгарски полк. Третиот дел кој е посветен на единиците и нивната историја е Лесната пешадиска единица на принцезата Патриција. Во овој дел на музејот се изложени голем број на одличја, медали и значки, како и различни видови на униформи. Последен простор од овој дел е галеријата посветена на единицата „Хајландери“ и нивните улоги во операциите во Првата и во Втората светска војна, како и последователните мировни мисии. Во поставката од музејот посветена на копнените сили, особен акцент е даден на припадничките на понежниот пол кои се дел од вооружените сили на Канада.
Можеби најбогата понуда на експонати во целиот музеј може да се затекне во галеријата посветена на морнарицата од Алберта. Збирката на поморско вооружување кое е изложено, е една од најкомплетните, започнувајќи од различни видови на торпеда, бродски топови од различен калибар итн. Во овој дел е прикажан и еден авион „McDonnell F2H Banshee“ од севкупно три преостанати во целиот свет. Карактеристично за овој изложен експонат е дека истиот е користен на носачот на авиони користен од канадските поморски сили. Изложена е и мошне добра и комплетна колекција на нуркачка опрема, а воедно се прикажани и две помали диорами, и тоа животот на морнарите на брод и команден мост од патролен чамец. Последниот сегмент од музејот е посветен на Студената војна и на военото воздухопловство на Канада. Во два одделни хангари се поставени три експонати: „F-86 Sabre“, „CF 104 Starfighter“ и „F-18 Hornet“. Покрај воздухопловите, посетителите може да го погледнат и седиштето од „F-18“, авиобомбата „Mark 82 Snake eye“, а воедно може и да влезат во симулаторот за летање на „F-18“.
Музејот во својата понуда има и едукативна активност наречена „Летен камп“ каде што деца во текот на една недела низ интеракција и дружење истражуваат како да градат, да комуницираат и да се надградуваат себеси. Во склоп на музејот има амфитеатар, конгресна сала и едукативен центар кои може да се изнајмат од страна на надворешни субјекти за организација и реализација на различни видови активности. Библиотеката која се наоѓа во склоп на музејот и нуди над 70 000 книги е несекојдневна понуда која можат да ја искористат посетителите за време на нивната посета. Во склоп на музејот, поточно непосредно после самиот влез во музејот, се наоѓа и продавница на сувенири.
Работното време на музејот е секој ден од 09.00 часот до 17.00 часот, додека делот со хангарите посветени на Студената војна се отвораат и се затвораат еден час порано. Во деновите на национални празници музејот е затворен. Цената на влезниците варира во зависност од старосната група на посетителите. За деца до 17 години и студенти влезницата е 5$, додека за посетители од 18 до 65 години цената на влезницата е 15$. За воени ветерани, активни воени лица и деца под 7 години влезот е бесплатен. Покрај еднократните билети, посетителите може да купат и годишни билети кои се двојно поскапи, но може да ги користите повеќепати во текот на годината. Со оглед дека музејот е во самиот град Калгари, до него водат неколку градски автобуси и е мошне лесно достапен за посетителите. Целата посета на музејот може да ви одземе три часа од вашето време, но за возврат ќе добиете незаборавно искуство.

Златко Блажески



Перо Миланов Георгиевски-Чичо е македонски комунист, учесник во НОВ од Куманово, кој загинал кај село Белановце, Кумановско, на 14 октомври 1941 година. За народен херој на Југославија е прогласен на 11 октомври 1951 година





# Народниот херој Перо Миланов Георгиевски-Чичо

Перо Миланов Георгиевски-Чичо бил роден во Куманово во 1918 година во занаетчитско семејство. Завршил занаетчиско училиште во 1932 година и станал шивачки работник. Станал член на СКОЈ кон крајот на 1933 година и на КПЈ во 1934 година.
Перо Миланов Георгиевски-Чичо бил член на Месниот комитет на КПЈ во Куманово во перидот од 1934 година до1936 година, член на Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија од 1935 година и секретар на Работничкото културно-уметничко друштво „Абрашевиќ“ во Куманово од 1935 година.
Перо Миланов Георгиевски-Чичо бил и еден од организаторите на честите работнички штрајкови во Куманово, а во еден момент успеал да одржи говор на говорница, по што веднаш бил уапсен. Во притворот бил мачен и тепан.
Во 1936 година бил раководител на Одборот за собирање помош за учество во Шпанската граѓанска војна, а поради апсење во 1937 година не успеал и самиот да замине. Второто лежење во затвор било подолготрајно.
По отслужувањето на воениот рок, Перо Миланов Георгиевски-Чичо станал секретар на МК на КПЈ во Куманово, каде ја извршувал функцијата до 12 октомври 1941 година и бил член на ПК на КПЈ за Македонија.
Во јануари 1941 година, по враќање од партиски состанок, тој бил следен од полицијата и бил уапсен. Поради непостоење на докази бил пуштен од затвор по 2 месеци.
Во март 1941 година дошло до судир со Методија Шаторов поради неговиот опортунистички став за организирањето на демонстрации на 27 март.
Затоа тој самиот ги предводел Мартовските демонстрации во Куманово на 27 март 1941 година.
На 12 октомври 1941 година бил назначен за политички комесар на Кавадаречкиот партизански одред. Загинал два дена подоцна, на 14 октомври, во борба со бугарската војска и полиција.
Перо Миланов Георгиевски-Чичо е прогласен за народен херој на Југославија на 11 октомври 1951 година.
Името на народниот херој Перо Георгиевски е запишано со златни букви во македонската историја како светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Пет совети за PR-професионалците

Односите со јавноста постојано се развиваат. Тие се движат во нагорна линија, пред сè заради сè поголемата застапеност во секој сегмент во општеството. Токму затоа, како што вели Кевин Гарднер, професионалците кои работат PR постојано треба да се надградуваат, да применуваат нови практики, со цел да се остане во рамките на трендовите за комуникација со јавноста.
Во ова кусо писание ќе ги наведеме петте најзначајни совети што треба да ги имплементираат PR професионалците за поуспешно дејствување.

**1.Целосна посветеност на јавноста, план и стратегија за соработка**
Многу е важно да ѝ се посвети поголемо внимание на јавноста, како таа ги прима одредени ваши ставови и кон што да се насочите. Треба да имате план, стратегија како ќе ги пласирате вашите ставови, како ќе ги промовирате вашите активности. Потребно е, кога станува збор за производи, да се информираат потрошувачите со производот, со приказна која е автентична, лесно видлива и квалитетна.
Воедно, одделите за маркетинг и продажба да функционираат како еден сегмент за поголема успешност. Заедничката работа носи резултати. Пред сè, заради тоа што кога има приказна тогаш има сплотеност меѓу компанијата и потрошувачот.

**2. Да има вкрстено партнерско** рекламирање, претставување
Важно е, особено кај младите компании, кои имаат мали буџети или, пак, никакви, да работат заедно за да станат повидливи и поуспешни во претставувањето во јавноста и подигнувањето на јавната свест за одредено прашање. На пример, кафуле може да биде партнер со слаткарница. Иако имаат различни производи, сепак се комплементарни. Секоја одделно, или заеднички, може да нуди попуст или, пак, да речеме купон за да привлече повеќе посетители. Заедно можат да имаат соодветна реклама или PR-текст во локално списание, или, пак, двата бизниси да се поврзат на сопствените веб-страници, или пак на ФБ-профил. Партнерството е значајно за зајакнување на репутацијата, но овозможува и да се зголеми профитот.

**3. Посветеност на брендирањето**
За да бидете видливи, автентични или, пак, да постигнете поголем успех, брендирајте ги вашите производи. PR-професионалците во односите со јавноста треба да внимаваат на брендот за да ги постигнат целите во PR-стратегијата или институциите да внимаваат во конзистентноста во пораките што ги испраќаат. Така ќе се зајакне брендот и ќе бидите потранспаретни и повидливи во јавноста.

**4. Дигитализирајте се**
Многу е важно да бидете дигитално присутни, а не само на традиционалните медиуми. Дигитализирајте се колку можете. Направете дигитална стратегија во вашите планови. Од дигитализацијата можете да имате само корист, да стекнете нови искуства и да ги пласирате како новитети. Правете кампањи на социјалните мрежи, вршете преноси во живо, поставувајте спонзорирани содржини, користете ги инфлуенсерите, подготвувајте предавања, конференции, учења во живо, од далечина.

**5. Учествувајте во добротворни активности**
Учеството и поддршката на добротворен настан се многу корисни за секоја компанија и институција. Тоа е можност PR-професионалците за односи со јавноста да помогнат да се подобри состојбата во заедницата, а институциите и компаниите да се унапредат во поглед на продажбата. Тоа е знак дека вие сте општествено одговорни. Ако сте во можност, креирајте настани во група, волонтирајте, зајакнете ја вашата позиција во заедницата, со што ќе бидете присутни и вие и PR-тимот за односи со јавноста на терен.

Каролина Мицевска




# Песната „Bella Ciao“, универзален симбол на слободата и отпорот

Веројатно дека не постои некој кој не ја знае или барем еднаш не ја чул легендарната песна „Bella Ciao“, односно, преведено на македонски јазик „Убавице збогум“. „Bella Ciao“ е италијанска партизанска песна. Низ светот се користи како химна на слободата и отпорот. Таа била пеена од припадници на антифашистичкото движење на отпорот во Италија меѓу 1943 и 1945 година, а авторот на текстот за јавноста е непознат. Оваа песна ја користеле припадниците на италијанскиот отпор и била симбол на нивната борба против фашизмот за време на Втората светска војна

Иако главно е позната по тоа што се пеела за време на Втората светска војна, песната „Bella Ciao“ има многу постаро потекло. Нејзината историја датира од крајот на деветнаесеттиот век, кога ја пееле обесправените жени работнички во Северна Италија. Тие жени се нарекувале Мондини (од mondare = плевење) и работеле на оризовите полиња, особено во долината на реката По. Тие имале  задача да го засадат оризот и да го отстранат плевелот што им штетел на оризот во оризовите полиња. Овие жени кои доаѓале од најсиромашните општествени слоеви поминувале цел работен ден наведнати за да го извадат плевелот од оризот, стоејќи со голи нозе до колена во водата. Станувало збор за навистина напорна работа, а овие жени немајќи никаков избор продолжувале да работат под овие нехумани услови. Низ песната, Мондините се жалеле на ужасните услови низ кои тие поминувале, за лошата работа и ниските плати. Таквите работни услови довеле до бунтовнички движења и протести, а „Bella Ciao“ била испеана од овие борбени жени како израз на нивниот протест. Тие ја користеле песната како химна за нивната борба. „Bella Ciao“ станала италијанска народна песна откако работничките протестирале против суровите услови за работа, и таа се претворила во протестна песна против различни режими, системи и моќ.

Оваа песна добила уште поголемо значење за време на Втората светска војна кога станала еден вид химна на антифашистите. Која е тајната на песната „Збогум  убавице“, која веќе со децении претставува химна на левичарските движења? Верзијата која настанала во текот на Втората светска војна има измени во текстот во однос на првобитната верзија. Измените се направени помеѓу 1943 и 1945 година, за време на Втората светска војна, време во кое Бенито Мусолини владел со Италија со агресивен фашистички режим, за да ја раскаже приказната за еден млад човек кој се збогува со својата љубов („Збогум убавице“) за да им се придружи на италијанските партизани и ја моли својата сакана доколку загине во војната да биде погребан во планините, каде ќе никне цвеќе кое ќе потсетува на партизаните и нивната херојска борба. Песната бргу била усвоена како химна на италијанските партизани. Оваа песна го надживеела партизанското движење, бидејќи зборува за универзалната борба против окупаторот и неправдата. Од оризовите полиња, песната поминала на војувалиштата за време на Втората светска војна и таа служела како и сите други партизански песни, за подигање на борбениот морал на припадниците на единицата. Поради впечатливиот мелодиски мотив кој се повторува и едноставниот ритам кој е константен и лесен за следење, песната лесно се памти. Мелодијата е силно певлива, енергична и брза, од строфата кон рефренот и има јасни контури. Рефренот „Bella Ciao” се повторува низ песната неколку пати, што доведува до тоа зборовите на песната лесно да се памтат. Во песната има многу симболика, особено




ако се земе предвид местото каде што најверојатно е напишана. Многумина веруваат дека партизаните ја напишале на боиштата, борејќи се против германските нацисти и италијанските фашисти во студените планини што се наоѓаат помеѓу Северна и Централна Италија. Песната во основа е напишана за „добредојде на смртта“. Главна тема е дека партизанот што ја пее оваа песна е подготвен да го даде својот живот и тој признава дека неговата смрт ќе го подигне прекрасниот цвет на слободата од угнетувањето и од фашизмот. Песната е ветување дека тие се подготвени да положат сè за да ги соборат нивните моќни угнетувачи и да создадат убава, светла, слободна иднина за себе и за идните генерации. Оваа песна инспирирала илјадници италијански борци за време на војната и несомнено одиграла голема улога во победата на сојузничките сили над фашизмот во Втората светска војна.
„Bella ciao“ за првпат е снимена во аудиоформа од италијанската пејачка Џована Дафини во 1962 година. Оттогаш, таа е снимена на повеќе десетици други јазици од уметници од целиот свет. Иако настанала во сосема друг историски амбиент, оваа антифашистичка химна со планетарна слава се здобила во шеесеттите години на минатиот век, во текот на студентските протести во 1968 година. Оваа позната италијанска протестна песна, апсолутно е важна и денес. Колку била значајна оваа песна говори и фактот што сè уште е моќен симбол за повикување на отпор и денес. Ако луѓето ја пеат оваа прекрасно привлечна, моќна песна, тие најверојатно се во протест против некоја угнетувачка сила. Оваа песна сè уште се користи во протестите ширум светот како борбен извик, а поради привлечната мелодија и моќната порака на песната, таа е испеана од милиони демонстранти кои се борат против различни тирании на моќта. Веќе со децении различни верзии на песната „Bella Ciao“ со задоволство се пејат и се слушаат. Ја сакаат и тинејџери и нивните родители, ама и нивните дедовци и баби. Реакциите на песната „Bella Ciao“ се исти насекаде низ светот, без оглед на тоа што е на италијански јазик. Се свири на прослави и во дискотеки, и како партизанска и како рок песна. Денес за некои ова е само убава песна, за други симбол на слободата и борбата против угнетувањето. Со текот на годините, оваа маестрална композиција стана повеќе од само песна на отпорот. Многумина сега ја сметаат за меѓународна химна за слободата и правата на луѓето. Покрај тоа што „Bella Ciao“ се смета за химна на партизаните, таа е препознаена низ целиот свет како симбол на борбата против неправдата, или, како што многумина ја опишаа, како „песна на слободата на духот, на желбата за универзална слобода“.

Секоја година на 25 април, „Bella Ciao“ се пее низ Италија за да ја одбележи „Festa della Liberazione“, односно Денот на ослободувањето, кој го означува ослободувањето на земјата од германската окупација и фашистичкото владеење на крајот на Втората светска војна. Пролетта 2020 година, додека голем дел од светот беше во карантин поради пандемијата COVID-19, „Bella Ciao“ стана песна на солидарноста. Поради своите италијански корени, многумина ја пееја како поддршка на италијанскиот народ кој беше во епицентарот на пандемијата.
„Bella Ciao“ е песна со богата и моќна културна историја. Потекнувајќи од работничките во оризовите полиња во долината на реката По во Италија, антифашистичките активисти ја прифатиле песната за време на Втората светска војна како симбол на отпорот против фашистичкиот режим. Нејзините стихови ја раскажуваат приказната за партизански борец подготвен да го жртвува својот живот за каузата на слободата, а неговата порака за отпор и солидарност продолжува да резонира со луѓето ширум светот. Денес, „Bella Ciao“ претставува моќен симбол на отпорот и антиестаблишментот, инспирирајќи ги луѓето да се борат за своите права и подобра иднина. Нејзиното културно значење се протега надвор од Италија, што ја прави една од најпознатите и најтрајните протестни песни во историјата. Без разлика дали се пее на политички собири, концерти или приватни места, „Bella Ciao“ продолжува да инспирира и да плени, потсетувајќи нè на борбите од минатото и на тековната борба за правда и еднаквост.

Александар Стојчевски

| **Текстот на песната:** | |
|---|---|
| **<u>На италијански:</u>** | **На македонски:** |
| Una mattina mi son svegliato,<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>Una mattina mi son svegliato<br>e ho trovato l’invasor.<br>O partigiano, portami via,<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>O partigiano, portami via,<br>ché mi sento di morir.<br>E se io muoio da partigiano,<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>E se io muoio da partigiano,<br>tu mi devi seppellir.<br>Mi seppellirai lassù in montagna,<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>Mi seppellirai lassù in montagna<br>sotto l’ombra di un bel fior.<br>E le genti che passeranno<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>E le genti che passeranno<br>Ti diranno «Che bel fior!»<br>«È questo il fiore del partigiano»,<br>o bella, ciao! bella, ciao! bella, ciao, ciao, ciao!<br>«È questo il fiore del partigiano<br>morto per la libertà!»<br><br>*Извор: mk.wikipedia.org* | Едно утро се разбудив,<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>Едно утро се разбудив<br>и непријателот беше тука.<br>О партизани, водете ме,<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>О партизани, водете ме,<br>чувствувам дека ќе умрам<br>И ако умрам како партизан,<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>И ако умрам како партизан,<br>ти мораш да ме закопаш.<br>Закопај ме горе во планините,<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>Закопај ме горе во планините,<br>под сенката на убавиот цвет.<br>И луѓето кои ќе минуваат<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>И луѓето кои ќе минуваат<br>ќе ти речат „Колку убав цвет!“<br>„И ова е цвет на партизан“<br>О, убавице збогум! Убавице, збогум! Убавице, збогум, збогум, збогум!<br>„И ова е цвет на партизан кој умрел за слободата“ |



# Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун
# Сликар и шпански борец

Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун е роден на 31 март 1904 во градот Вроцлав во Полска, тогашна Германска Империја, во семејството на Вељко Андрејевиќ Кун и неговата сопруга Гертруда. Татко му на Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун, Вељко Андрејевиќ-Кун, бил гравер во една од најдобрите графички компании во Германија и на тој начин успеал да го спои занаетот и големата наклонетост кон уметноста. Се испостави дека и двете свои наклонетости му ги пренел на синот Ѓорѓе.
Уметничката нишка кај малиот Ѓорѓе прв ја открил неговиот учител од Берлин, г-дин Штрајх. Ѓорѓе со своето семејство дошол во Белград во 1914 година, каде што го завршил печатарскиот занает во 1920 година.
Последователно после изучувањето на занаетот студирал сликарство на Уметничката школа во Белград во периодот од 1920 до 1925 година. Благодарение на белградскиот добротвор, трговецот Илија Ранкиќ, Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун добива стипендија за изучување на сликарство во Италија. Во Италија, прво престојува во Венеција, каде студирал, сликал, посетувал музеи и галерии – а потоа истото го продолжува и во Фиренца, Милано и Рим.
По престојот во Италија, Ѓорѓе ги продолжил студиите во Париз, каде ги проучувал современите уметници како Сезан, Модиљани и бугарскиот сликар Паскин, но се пронашол и себеси, т.е. веќе создал свој стил. Своите први слики ги продал во Париз, и тие сè уште се чуваат во приватни колекции.
Поголемиот дел од неговото образование се одвивал во Берлин и Белград. Дипломирал на „Белградската академија за уметност“. Понатаму студирал во Италија (1926-1928) и Париз, Франција (1928-1929). Во 1931 година, неговиот дизајн ја освоил Првата награда за грбот на градот Белград, кој сè уште и денес е официјален грб на град Белград .
Во 1931 и 1932 година имал самостојни изложби во Белград, Загреб и Нови Сад. Во 1934 година, тој учествува во формирањето на групата „Живот“.





Неговиот серијал дрворез „Злато натопено со крв“ (Крваво злато) е објавен во 1937 година.
Во периодот додека го изучувал графичкиот занаетот се дружел со работниците и станал дополнителен член на Здружението на графички работници кои биле лево ориентирани и заедно со нив изработуваа плакати. Така го изработил познатиот првомајски плакат со работник кој носел црвено знаме, кој потоа бил закачен на трамвај кој минувал низ Белград, па го видел целиот град, пред полицијата да реагира и да го одземе пропагандниот материјал. За време на граѓанската војна во Шпанија се приклучува на меѓународните бригади и активно учествува во Шпанската граѓанска војна. Од тој период е неговиот сет на дрворези со наслов „За слобода“ кој бил бил објавен во 1938 година. Во 1940 година ја објавил својата збирка Скици, цртање и студии во Шпанија. Кога се вратил од Шпанија во Белград, бил под будното око на полицијата. Бил уапсен во 1940 година и најпрвин одведен во Главњач, а потоа во логорот Билечка, каде се запознал со Иван Милутиновиќ, Иво Лола Рибар и Моша Пијаде, кои го направиле член на Комунистичката партија. Од тој период е создадена низа негови цртежи со сцени од затворскиот живот.
Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун е учесник во НОВ од 1941 до 1945 година. По ослободувањето, во 1945 година, Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун се вработува на Факултетот за ликовни уметности во Белград, како редовен професор, а од 1959 до 1963 година бил декан на Катедрата за ликовни уметности на Универзитетот во Белград, откако Академијата била основана при универзитетот во Белград.
Во 1950 година е избран за дописен член на Академијата на науките и уметностите, а во 1958 година за редовен член. Од 1957 до 1960 година бил претседател на Југословенската федерација на уметници. Воедно интересно е да се напомене дека Кун е и творец на грбот на Социјалистичка Република Македонија, кој и денес е официјален грб на Македонија со мали измени.
Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун починал на 17 јануари 1964 година во Белград.



м-р Трајче Чатмов



# „Боев куршум“

Филмот „Боев куршум“ на култниот режисер Стенли Кјубрик е воена драма која третира тематика од периодот на војната во Виетнам и е снимен во 1987 година. Сценариото е работено според романот на Густав Хасфорд со наслов „The Short-Timers“. Насловот на филмот во оригинал е „Full Metal Jacket“ и се однесува на вид муниција која ја користи пешадијата, односно тоа е куршум со оловно зрно пресвлечено со бакарна кошулка. Филмот е поделен во две тематски целини со дејства кои се одвиваат во камп за обука на маринци во САД и во Виетнам.
Првиот дел од филмот се фокусира на суровата обука на американските маринци и потоа дејството се префрла во Виетнам, каде што ги следи судбините на главните протагонисти во филмот за време на урбаната битка за Хуе за време на Виетнамската војна. Во текот на целиот филм се чувствува една длабока егзистенционална конфузија и криза на идентитет кај главните протагонисти, предизвикана од апсурдноста на војната и политиката во тоа време.
Главен протагонист во филмот е Џ. Т. Дејвис, наречен Џокер, припадник на водот „3092“, кој започнува воена обука за маринци во кампот за обука во Парис Ајланду, Јужна Каролина. Новите регрути во кампот се соочуваат со бруталната обука и висока индоктринација од страна на наредникот Хартман како главен инструктор. Негова главна цел е да создаде ладнокрвни убијци, кои без приговор ќе ги извршуваат наредбите за време на војната во Виетнам, која во тој период е во полн замав. Дејството во првиот дел на филмот е исполнето со брутални сцени на физичко злоставување и психолошка индоктринација врз младите регрути. Најподложен на физичко и психолошко злоставување од страна на инструкторот е регрутот Леонард Лоренс, кому инструкторот му дава прекар Гомер Пајл. Инструкторот-наредникот Хартман смета дека Пајл не е дораснат за мисијата и за професијата војник-маринец затоа што е дебел и има проблеми со физичките побарувања на обуката и често не ги следи наредбите и процедурите. Се чини дека неговите недостатоци како лично да го навредуваат Хартман, па тој постојано го казнува за да им биде пример на другите. На крајот од обуката Хартман го задолжува Џокер за ментор на Пајл, надевајќи се дека тој ќе успее да излезе на крај со него.
За време на една инспекција, Хартман открива недозволена храна во ковчежето на Пајл и решава заради тоа да го казни целиот вод. Но, колективната казна, која ја практикува повеќе пати, создава помеѓу регрутите силна поврзаност и кохезија. Дури и Џокер се приклучува на колективот откако го трогнаа лелекањата на Пајл по едно тепање од страна на Хартман. Џокер открива дека Пајл сè повеќе се оддалечува од другарите, но и од реалноста. Пајл станува одличен стрелец, но Џокер е загржен поради тоа што Пајл постојано разговара со својата пушка обраќајќи ѝ се со „Шарлин”. Се ближи крајот на обуката и целиот вод се приклучува на пешадијата. Во текот на последната ноќ, Џокер е задолжен за стражата, при што го пронаоѓа Пајл во тоалетот како става вистински куршуми











во пушката. Џокер се обидувада го разубеди Пајл, но викањето го разбудува Хартман, кој му наредува на Пајл да ја остави пушката. Пајл погрешно ја толкува наредбата и го убива Хартман, а потоа се самоубива пред очите на Џокер. Со тоа завршува првиот дел од филмот со крвава разрешница.

Вториот дел од филмот се случува во Виетнам во 1968 година. Џокер е наредник и дописник во еден весник кој е задолжен за односи со јавноста на маринците, а негов партнер е воениот фотограф наречен Рафтерман. По нападот од страна на Виетнамците на базата, Џокер заради своите ironични досетки е испратен на фронтот во првите борбени редови. Рафтермен оди заедно со него, надевајќи се на добри фотографии. На фронтот Џокер се среќава со својот другар од кампот за обука наречен „каубоец“, кој е заменик-командир на водот познат како единицата „Лустог“. „Каубоецот“ им се придружува во патролирањето низ градот Хуе. Набргу започнува жестока борба во која загинува командирот на единицата „Лустог“, а на негово место е поставен маринецот познат под прекарот „Лудиот Ерл“. Единицата патролира низ градот, барајќи ги скриените Виетнамци. Лудиот Ерл наидува на мина, која се активира и го убива. Сега „каубоецот“ е поставен за командир на единицата. Единицата се губи во лавиринтите на разрушениот град. Двајца припадници, доктор Џеј и Осумката се ранети од скриен снајперист. Маринците мора да го најдат снајперистот за да не има уште повеќе жртви. Снајперитот го убива и „каубоецот“, кој му умира на Џокер на раце. Скриени со помош на чад, маринците го лоцираат и го опколуваат снајперистот. Џокер влегува во разрушената зграда каде се крие снајперистот и на препад го заробува. Подоцна открива дека снајперист е всушност млада Виетнамка. Во моментот кога сака да ја зароби му се закочува пушката, а младата Вијетнамка отвора оган, оневозможувајќи го повлекувањето на Џокер. Во тој момент пристигнува Рафтермен, кој ја погодува снајперистката и го спасува Џокер. Ранетата Виетнамка започнува да се моли опколена со маринците и потоа ги замолува да ја убијат. Маринците не се согласни во врска со тоа дали треба или не треба да ја убијат. Сепак на крајот решаваат дека тоа е убиство од милост и треба да го изврши Џокер, кој по долго размислување го прави тоа. Филмот завршува со маринците кои маршираат во ноќта, иронично пеејќи ја песната „Mickey Mouse March“.

Една од најзначајните секвенци на филмот е онаа кога целиот вод поединечно е интервјуиран од страна на телевизиска екипа да дадат свое мислење за војната. Од нивните одговори се согледува целиот ужас и апсурдост на оваа војна. Филмот „Боев куршум“ не е единствениот воен филм за Виетнам, особено не во тој период, но дефинитивно вреди да се гледа. Филмот е реализиран во американските кина на 26 јуни 1987 година и добива позитивни критики од филмските критичари. Само од прикажувањето во САД филмот заработил над 46 милиони долари. Бил номиниран за наградата „Оскар“ за најдобро адаптирано сценарио. Во 2001 година, Американскиот филмски институт, филмот „Боев куршум“ на Стенли Кјубрик, го стави на 95-тото место во листата на најдобри трилери.

Ивана Лазаревиќ




Режија: Стенли Кјубрик

Улоги: Метју Модин, Адам Бодвин, Винсет Д’Онофрио, Р. Ли Ерми, Доријан Хервуд, Арлис Хауард, Кевин Мејџор Хауард

Сценарио: Стенли Кјубрик, Мајкл Хер и Густав Хасворд

Жанр: Воена драма

Продуцент: Стенли Кјубрик

Сниматeл: Даглас Милсом

Монтажа: Мартин Хантер

Продуцентска куќа: Natant, Harrier Films

Студио: Warner Bros (САД) и Columbia-Cannon-Warner Distributors (ОК)

Музика: Абигејл Мид

Година: 1987

Јазик: Англиски

Земја: САД, Велика Британија

Времетраење: 116 минути

Буџет: 16,5 милиони долари



# Демирхисарските уба

Општината Демир Хисар е ридско-планинска област, блиску до Пелагониската Котлина, околу горниот слив на реката Црна, со околу 40 населени места и градот Демир Хисар. Источната граница на демирхисарскиот предел е планината Бушава, а западната по ртовите на Бигла, Плакенска и Илинска Планина. На југоисточната страна е планината Дрвеник. Ова е убав и живописен предел поврзан од едната страна со Битола, од другата со Крушево, а од третата со Прилеп. До секое населено место има асфалтен пат, како и до сите културно-историски центри. Речиси сите населени места се убави, со природа што ја зачувала својата уникатна недопрена убавина. Мали се, ама има што да понудат, особено селата Слепче и Бабино. Илинска Планина има богата планинска шума со разновиден див животински свет, пасишта, различни растенија и извори на студена планинска вода. Задоволство ти е да ја посетиш, да прошеташ и да уживаш во природата. Од с. Железнец извира реката Црна, која со нејзините 207 км е најдолгата река во регионот и е најдолга десна притока на р. Вардар. Ако останете подолго време можете да ги видите и Струговското Езеро и Суводолското Езеро. Сакајќи да ви ги откриеме убавините на Демирхисарско ги посетивме с. Слепче и с. Бабино, каде пронајдовме мир и спокојство во природата. Слепче е на два километри западно од Демир Хисар, сместено на 680 м н.в., на источните падини на Илиница и во него живеат околу 500 жители. Прошетајте низ пределот, одморете во еден од ресторантите во близина, а потоа задолжително појдете до Слепченскиот манастир („Св. Јован Претеча“ и „Продром“), на околу три км од селото. Ќе уживате во убаво уредениот двор на манастирот, кој е еден од најголемите и добро сочувани манастирски комплекси, кој датира од 5 век. Уште при влезот од главната порта ќе го почувствувате манастирскиот дух, а тука од домаќините ќе ја дознаете неговата историја и за вредните артефакти кои ги поседува манастирот, меѓу кои и е еден „Апостол“ кој датира од втората половина на 10 век и е најстар препис на словенскиот превод на „Апостолот“ директно од перото на светите браќа Кирил и Методиј. Селото Бабино е на 19 км северозападно од Демир Хисар и е познато по најголемата приватна библиотека во Македонија, „Ал-Би“, која брои над 20 000 книги. Бабино е ридско-планинско село, меѓу двете страни на Бабинска Река. На речиси секои сто метри на Базерничка Река има по еден извор. Изворите ја надополнуваат реката, а ги користи и рибникот кој е пред влезот на селото. Прошетајте, уживајте во природата и вкусете пастрмка од рибникот.

Зоран Василески

# вини – Слепче и Бабино















